СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 ноември 1994 година

Скопје, ноември 1994 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД IV-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,ОДРЖАНА НА 30.XI.1994г.**


1. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 45, 61, 70
2. АРСОВСКИ БРАНКО – 80
3. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 15, 18, 54
4. ДАНЕСКИ СЛОБОДАН -13
5. ДИМОВ ЛАЗАР - 71
6. ДАВЧЕВ САНДЕ - 74
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 23, 34, 36, 50, 51, 53
8. ИВАНОВ РИСТО - 2, 34, 63, 65, 83, 84
9. КАДРИУ ЗЕКИР - 44
10. МИНОВ ПАНЧО - 7
11. МИТРЕВА ИЛИНКА - 67
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ -57, 58
13. ОСМАНИ РУФИ - 8, 10, 36 ,48
14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 19, 77
15. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 58
16. РАМАДАНИ ИСМЕТ – 31, 55, 62
17. РАМАДАНИ ХИСЕН - 11, 39, 74
18. РУЖИН НАНО - 64
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 27, 28, 59, 60
20. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 31
21. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 43 ,46
22. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 51, 52, 61
23. ТАИРИ МЕВЉАН - 29
24. ХАСИПИ ЌЕНАН - 22,42
25. ЦРВЕНКОВСКИ СТЕВО - 5, 69, 75, 79, 82
26. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 72


крај


дневен ред:стр.6

1. Закон за Владата на РМ.
2. Закон за органите на управата, стр.11
3. Одлука за поднесување барање за стапување на РМ во членство на Светската трговска организација стр.68

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 ноември 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1 со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдурахман Халити и Зоран Крстевски не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието по итна постапка да ги донесе законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија и Законот за изменување и дополнуваше на Законот за органите на управата.

Предлозите на законите Ви се доставени.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од донесување по итна постапка на овие закони.

Збор има г-динот Ристо Иванов, министер координатор во Владата на Република Македонија.

I/2/ПЈ/лј

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитувани дами и господа пратеници. Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија и Законот за органите на управата чии измени и дополнувања се предлагаат на денешнава седница донесени се во 1990 година, односно пред Уставот на Република Македонија и пред осамостојувањето на Републиката. Одделни решенија содржани во нив не се во согласност со Уставот, односно со Уставните решенија за новиот систем на организација на државната власт, ниту пак соодветствуваат на новата уставна и меѓународна положба на нашата Република како самостојна и независна држава. Ова особено се однесува на одредбите на Законот за Владата на СРМ, со кои се уредува составот на Владата, одредби кои согласно одлуката на Уставниот суд на Република Македонија не се во согласност со Уставот како и одредбите за избор и разрешување на Владата.

Исто така, Законот содржи одредби кои исклучиво соодветствуваат на претходниот систем кога Република Македонија беше во составот на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија и во кои Владата беше одговорна за извршување и на Сојузните закони и другите сојузни прописи за чие извршување не беа непосредно одговорни Сојузните органи.

Истовремено, со Законот на органите на управата утврдено е дека органите на управата се одговорни пред Собранието на Република Македонија, а во функција на извршување на нивните одговорности утврдени се определени права на Собранието на Република Македонија спрема органите на управата и определени обврски на органите на управата спрема Собранието на Република Македонија. Ова не соодветствува со начелото за поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска. Принцип кој согласно уставот на Република Македонија претставува темелна вредност на Уставниот поредок на Републиката

Имајќи го ова предвид, со цел организацијата и работата на новата Влада на Република Македонија и на органите на државната управа да се усогласат со Уставот на Република Македонија како и за обезбедување нормативни услови за нивно поефикасно функционирање и дејствување и поради посоодветно, поцелосно и по доследно изразување на нивната нова уставна поставеност и извршување на работите од нивните надлежности се предлага донесувањето на овие закони.

Одделни интервенции што се предлагаат во Законот за органите на управа се предлагаат и од други причини. Имено, Република Македонија како самостојна и независна држава во односите со другите земји во моментов контактира преку Министерството за односи со странство, а кај другите држави во светот органот што ги врши овие работи е именуван како министерство за надворешни работи.

Заради поголема препознатливост на овој орган од страна на странските држави со кои се контактира и ќе се контактира, и следејќи го искуството на другите држави со Предлогот за изменување и дополнување на Законот за органите на управата се предлага, при именување на Министерството за односи со странство во министерство за надворешни работи. Од иста причина се предлага и преименување на Министерството за правосудство и управа во министерство за правда. Исто така со предлогот на овој закон поради причините изнесени во истиот се предлага од постојното министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија да се формираат две министерства и тоа: Министерство за урбанизам и заштита на животната средина и министерство за сообраќај и врски. Наместо министерството за информации со измените во законот за Влада се образува Секретаријат за информации.

Карактерот и значењето на овие законски прописи, кои покрај Уставот на Република Македонија се основна, нормативна претпоставка за конституирање на секоја Влада, а со оглед на тоа што наведените

измени што се предлагаат во законот за органите на управата и Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија ќе имаат одраз на составот на идната Влада на Република Македонија и тоа како во поглед на определувањето на вкупниот број на министри што треба да ја сочинуваат Владата, така и во поглед на областите за кои треба да се изберат министрите, се наметнува потребата овие закони да бидат донесени пред изборот на новата влада на Република Македонија и тоа по итна постапка, која подразбира не применување на роковите определени во Деловникот на Собранието на Република Македонија за донесување на закони во редовна или скратена постапка.

Потребата од донесувањето на предложените закони по итна постапка произлегува и од Уставно утврдените рокови за избор на Влада согласно кои мандаторот во рок од 20 дена од денот на доверувањето на мандатот му предлага на Собранието програма и состав на Владата.

Со оглед дека мандатот за состав на Владата од страна на претседателот на Републиката е доверен на 25 ноември 1994 година донесувањето на овие закони е итно потребно за да може мандаторот во утврдениот рок да го предложи составот на новата Влада.

Особено сакам да нагласам дека со предложениве закони останува и понатаму итна потребата од порадикални из мени во областа на државната управа, посебно во однос на допрецизирање и усогласување на организацијата, начинот на работа и надлежностите на органите на државната управа. Заради тоа во подготовка е нов интегрален текст на закон за државна управа, кој во најкраток можен рок ориентационо за три до четири месеци, поради своето големо значење треба да се најде во редовна собраниска постапка.

Имајќи го ова предвид, Владата на Република Македонија како овластен предлагач, согласно член 344 од Деловникот на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието Законот за изменување и дополнување н а Законот за Владата на Социјалистичка

I/5.-

Република Македонија и Законот за изменуваше и дополнуваше на Законот за органите на управата да се донесат по инта постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за за предлогот на Владата на Република Македонија Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија да се донесе по итна постапка?

Молам, кој е за нека крене рака.

90 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (1 пратеник)

Дали е некој воздржан? (3 пратеника)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Кој е за предлогот на Владата на Република Македонија Законот за изменување и дополнуваше на Законот за органите на управата да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

93 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија до Собранието поднесе и предлог на одлука за поднесување барање за стапување на Република Македонија во членството во Светската трговска организација.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи неоснованата и неодложна потреба за донесување по итна постапка на оваа одлука.

Збор има г-дин Стево Црвенковски, министер за односи со странство.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија презеде веќе во еден подолг период активности за зачленување на Република Македонија во ГАД. Во меѓувреме е формирана нова меѓународна,

I/6.-

светска трговска организација, за која како за нова организација е потребна одлука од Собранието за пристапување кон таа организација. Бидејќи постапката за зачленување во ГАД беше покрената според уставниот закон, а во својство на држава сукцесор, а овде се работи за нова организација и неопходно е донесување на одлука на Собранието. Инаку, се работи за идентична постапка која е во тек со ГАД и нема никакви промени во постапката на преговори и на пристапување . Има промена единствено во статусот од тоа што ГАД беше еден договор, светски договор за трговија, а сега се формира една светска организација за трговија како меѓународна организација. Заради тоа е неопходно донесување на оваа одлука и итноста на одлуката, заради тоа што имаме можност ова префрлање од една фаза на преговори во друга да го направиме во наредните неколку една или две недели.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Владата на Република Македонија, Предлог на одлуката за поднесување на барање застапување на Република Македонија во членство на Светската трговска организација, да се донесе по итна постапка, молам да крене рака.

101 пратеник гласаа за.

Дали некој е против? (не)

Дали некој има воздржан од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам ^следниот^дневен ред. ^

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија.

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

3. Предлог на одлука за поднесување барање за стапување на Република Македонија во членство на светската трговска организација.

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака?

105 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Со оглед на тоа што согласно уставните рокови се наоѓаме непосредно пред избор на нова Влада на Република Македонија, предлагам да не се поставуваат пратенички прашања на оваа седница.

Кој е за овој предлог, молам, да крене рака?

111 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (б)

Дали има некој воздржан од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени. Така се вика Законот што сега го менуваме.

Отворам општ претрес.

Господин Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, за збор се јавив во функција на известител на Законотавно- правната комисија, која што разгледувајќи го Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за Влада на Социјалистичка Република Македонија, констатира дека причина и потреба за донесуван на овој закон има и тоа од соображенија дека со овој закон фактички се врши усогласување со одредени уставни решенија од Уставот на Република Македонија во однос на уставната положба, организацијата и начинот на

работата и надлежноста на Владата на Република Македонија. Исто така, со овој закон се сака да се постигне и да се придонесе со соодветните решенија во истиот и интервенциите кои ќе биде во функција на доаѓаше повеќе до израз уставната положба на Владата како извршна власт во рамките на поделбата на Владата согласно новиот устав на Законодавна, извршна и судска.

Исто така, Законодавно - правната комисија констатира дека Уставен основ за донесување на овој закон има, а тоа се членовите од 88 до 94 од У ставот на Република Македонија, а основите и начелата врз кои се заснова овој закон се во согласност со Уставот и како закон придонесува за доградување на правниот систем во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор?

Господин Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани господа, имајќи предвид дека ни е ускратено правото за една парламентарна дебата во редовна процедура, излегов на оваа говорница да изнесам некои елементи, кои според мене се битни кога се работи за предлогот на законот кој ни е на дневен ред. со овој Предлог на закон се сака да се усогласи овој закон со одредбите на Уставот на Република Македонија, имајќи предвид дека истиот е донесен во Социјалистичко време, па оттука измените кои се предлагаат со цел за елиминираше на идеолошките предзнаци, социјалистички се прифатливи, како и усогласувањето со дел од Уставот на Република Македонија.

Мојата конкретна забелешка се однесува на член 12 од предлогот, а кој гласи: "Претседателот на Владата од редот на министрите определува еден или повеќе потпретседатели.

I/9.-

Член 89 алинеја 1 од Уставот на Република Македонија е многу дециден и гласи: "Владата ја сочинуваат претседател и министри. Значи, поимот потпретседател не постои. Истото и во овој предлог на закон кога се однесува на постојниот закон го отклонува изразот потпретседател како што е случај со член 24. "Уставниот суд на Република Македонија ја прогласи како неуставна функцијата пот- претседател на Владата".

Од изнесеното произлегува дека се предлага решение кое е во спротивност со Уставот на Република Македонија. Замислете како ќе биде систематизацијата на Владата ако се усвои овој предлог и тоа: "Владата на Република Македонија ќе биде составена од претседател на Влада, потпретседатели на министри, министри со ресор и без ресор". Нема што, многу интересно.

II/1. РД/ЉР

**РУФИ ОСМАНИ**: /продолжение/

Се поставува прашањето зошто господа не предлагате да се устоличат претседатели на министри, туку потпретседатели на министри. Според членот 89 постојат само претседател на Влада и министри и ништо друго. Мене лично ми е јасно зошто се предлага ваквата формулација. Еднаш тие функции ги прогласивме како координации на Владата.

Сега таа правна норма која немаше основ се заменува со првобитна формулација, но овој пат како правен дериват од друг степен. Зошто? Одговорот е јасен. Местата во Владата кои се предвидени со Уставот и Законот не се доста. Преку ваквиот пристап кон овој проблем мене лично ми се надзира и политиката која ќе се спроведе при реконструкција и реорганизација на државната управа. Значи, нема да се изврши неопходната рационализација, туку ќе се изврши прочуеното прераспоредување, односно како она народното "и волкот сит и овците на број" Предлагам член 12 од Предлогот да гласи: Член 21 се брише. Да се усвои заклучок со кој ќе се задолжи новата Влада да предложи нов закон со коегзистентна содржина согласно Уставот. И пред да завршам убеден сум дека мојот предлог ќе биде поддржан од мнозинството во Парламентот од една причина. Предлогот има за цел да се изврши рационализација, односно е во духот на рационалната работа на овој Парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани за менување на член 4 и за бришење на членовите 5 и 6, а Комисијата за општествен

II/2.-

политички систем поднесе амандмани за менување на член 1 и на член 12 за додавање на нов став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандман на член 12 за додавање на нов став и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање,.

Кој е за, молам да крене рака? (94 пратеници)

Дали е некој против? (3 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно член 95 став 3 од Уставот на РМ овој Закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес,

Молам кој бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Сакам да кажам неколку збора дека може да се прифатат причините кои што налагаат итно со донесување на овој Закон. Исто така го прифаќам и тоа дека не може да се прими како целосно образложението што го даде

претставникот на Владата дека со измените што се предлагаат се врши усогласуваше со Уставот на овој Закон во целост, бидејќи како што е јасно од самиот текст, кој што останува, ни за одредби и поглавја остануваат сеуште неусогласени со Уставот и требаше претставникот на Владата да го нагласи тоа и кои делови не се подготвени така за да бидат потполно усогласени со Уставот во овој момент, кои се тие делови и кои се причините кои што го налагаат тоа тие делови да се остават, да кажам, за едно скорешно време, но воедно и да се земе обврска пред Собранието, односно да биде и работен заклучок на Собранието Законот што побрзо, целосно да се реновира, односно да се подготви нов закон и на таков начин да се направи целосна усогласеност на Законот со Уставот.

Конкретно да кажам, има низа делови, јас се извинувам што можеби ќе биде тоа само еден мал дел, меѓутоа, тврдам дека делот IV од Законот кои што останува како што си е сега, тој и терминолошки и идеолошки, па и реално, не е во согласност со Уставот. Мислам пред се, на членовите 76 и 77. Терминолошки е затоа што се употребуваат термини кои што повеќе не се уставна категорија наша, а од материјални гледна точка е спротивно на самиот член 7 од Уставот. Веројатно затоа има причини предлагачот, веројатно тоа набрзо треба да се решава, меѓутоа, мислам дека тоа треба овде на Собрание да се каже. Заправо, затоа мислам дека ќе следи расправата, јас не сакам после да земам збор повторно, ќе следи амандман по однос на измена на овој дел од Уставот, таму од технички причини не сум напишан дека сум предлагач на тој амандман заедно со другите колеги од Собранието и сакам тоа таму да се внесе, но мислам дека оваа материја е една од битните,

бидејќи прашањето на јазикот и нивната употреба во нашата Република како мултикултурна и национална заедница е од битно значење за нашето битие, за нашето заедништво и за нашиот развој. Нема причина на македонската јавност и на македонскиот народ да му се објасни дека јазикот е темелно прашање на човечкото право и теме- лен однос за една заедница која што сака кармонизиран однос за сите граѓани и сите нејзини жители.

**СЛОБОДАН ДАНЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа, Бидејќи се носи овој Закон по итна постапка мора да се каже збор - два за органите на управа. Мислам дека ова е еден биден сегмент во работата и живеењето во оваа држава.

Она што мора посебно да се нагласи е тоа дали овој Закон кореспондира со општото живеење на условите на ова пазарно стопанство. Она што е индикативно, што се провлекува низа години е тоа од неефикасноста на органите на управата. Сведоци сме дека живееме во едно ново време, во време на едно пазарно стопанство. Условите не се изменети. Она што овие што четири години провејуваше околу неефикасноста, околу зголемувањето, околу множењето на бирократијата, околу недонесувањето на некој решенија кои ќе бидат во интерес на граѓаните бидејќи се договоривме дека овој Устав е граѓански и ако се удираме во гради и зборуваме дека работиме во интерес на граѓаните, мислам дека мора да се подлвече, да се инсистира да се стави во служба на граѓаните.

Она што интересно ни се провлекува низа години, тоа е една нефлексибилност, едно неработење, една некоординација, ако рековме дека мора да постои една вертикална и хоризонтална поставеност во однос на државната и локалната власт ни останува некои работи празни, а тоа е некоординираноста и неработењето. Се остава еден

вакум простор, оној простор кој што најмногу ги погодува граѓаните на РМ, тоа е дека граѓаните го немаат заживеано граѓанското право и не може да ги остваруваат своите услови за едно нормално комуницирање, како со локалната власт, така и со државната власт. Што треба да се нагласи. Треба да се нагласи дека концентрацијата и централизацијата на власт можеби ќе биде погубна, она што можеби нема да ни одговара на многу министри, можеби нема многу да одговара на многу началници, на луѓе кои работат во органите на Управата,е тоа што останувaат прашањата кои се таложат во општините. Останува недоречена една сфера, тоа е сферата на локалната власт. Таму се оперира со терминот локална самоуправа, бидејќи тој термин е да кажеме социјалистички измислен, тоа е од едно минато свршено време, треба да постои закон за управа. Мислам дека така ќе ги подобриме условите за работата и комуницирање на граѓаните во остварувањето на своите граѓански права. Она што можеби некому нема да му се бендиса, ова мое излагање, е тоа што Владата треба да работи на усовршување на една служба или завод за органите на Управата. два-тројца луѓе не можат да ја водат оваа проблематика, бидејќи ова е нервниот систем на државата. Многу е битно како ќе функционира оваа Управа, бидејќи тука се остваруваат сите жалби и молби и сите контакти на грараните од прв степен. Можеби тука е она граѓанското да заживее правото на граѓаните да ги остваруваат правата. Она сега што се случува по општините, можеби е еден хаус на нефункционалност на државната управа со вертикалното поврзување со хоризонталното поврзување со локалната самоуправа е тоа што многу проблеми останаа нерасчистени и недоречени, а животот се одвив а по локалните собранија. Ние живееме во собранијата, проблемите ни остануваат и ни се таложат таму. Ниеден проблем за овие 4 години, зборувам од името како претседател, не се разрешени. Што треба да се размисли за ова што кажаа и луѓето од Владата дека

овој Закон ќе се пегла, ќе се шминка, ќе се дотерува мислам дека посебно внимание треба да се сврте на она што е најбитно^ да заживее граѓанството.

Она што е поттик за ова мое јавуваше е тоа да се размисли дека два-тројца луѓе не можат да ја уредат оваа материја. Ако се поднесе барање дека посебно треба да се издвои некој завод или некоја организација, тогаш ќе се наметне како некое ресорно министерство. Мислам дека оваа материја треба да се уреди добро и треба да се припреми, затоа што ефектот од живеењето се чувствува кај граѓаните. И треба едно да сфатиме дека ние сме бирани од граѓаните и законите ќе ги носиме по интерес на граѓаните, бидејќи ако не сме во сервис на Службата на граѓаните, граѓаните тоа ќе го казнат.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитувани пратеници, некои работи што имав намера да ги кажам,, повеќе тука беа кажани, посебно во врска со односите локална самоуправа, локална власт итн. Меѓутоа остануваат некои зборови воопшто да кажам околу Предлогот на законот односно постојниот закон. Ако се спореди овој Закон со постојниот Закон, а и Предлогот со повеќе стандардни закони кои ја уредуваат оваа материја, слободно може да се каже дека таквиот закон не заслужува пролазна оценка. Лично без намера да ги навредувам претставниците на Владата кои веројатно многу чесно работеле во изработката на овој Закон и Предлогот, меѓутоа, кога би бил во положба да вршам селекција за определбите, односно содржините на овој Закон, веројатно голем број од содржините на овој Закон би завршиле во корпа.

Законот има доста суштински и начелни недостатоци, има дос организациони недостататоци, има доста функционални недостатоци,а дури и некој одредби, односно членови на овој Закон, односно Предлог

се во директна спротивност со Уставот на Република Македонија. Предлагачот тука само понудил козметички измени и ништо повеќе, во концепт останува стариот Закон. Кога кажувам дека не заслужува пролазна оценка, аргументите се следниве:

Прво, и во Законот и во Предлогот не се нуди јасна динстиција помеѓу извршната власт и законодавната власт. Посебно членовите 18 и 19 каде се зборува дека органите на управата ги извршуваат законите и другите прописи и ја спроведуваат утврдената политика, според Уставот, кога е во прашање Собранието не пишува дека се утврдува политиката, туку едноставно утврдувањето на политиката останува, должност на Владата и тоа само во компонентата на извршувањето на законите и другите прописи.

Второ, членовите 57, 58, 59 и 60 и посебно 61 став 2 содржи туторски однос кон локалната самоуправа, посебно тука се работи за состојби кога се претпоставува локалните самоуправни органи ги извршуваат законите, односно другите прописи, или криво ги извршуваат. Тука автоматски доаѓа повисокиот орган кој ги презема тие работи и фактички насилно ги извршуваат тие прописи односно други членови итн.

Според светската практика при вакви случаи на колизија помеѓу сфаќањето за одредени закони помеѓу локалната самоуправа и органите на државната власт има решение и тоа од два аспекта.

Прво, толкувањето на законите, односно членовите кои се спорни и второ, некој орган кој како арбитар се појавува и дава одредено толкување, па дури и решенија. Претежно се работи за Уставниот суд.

Трето, веќе беше тука речено, во сите држави се инсистира дека локалната управа мора да биде сервис на граѓаните. Меѓутоа, кај нас е

изгледа е обратно. Граѓаните се сервис на државната управа. Ако се пресудува по тоа, колку нашата државна управа е ефективна, колку е експедитивна, колку е економична, колку е одговорна, плус и комуникацијата, веројатно тешко некои од граѓаните, барем кој резонираат свесно дека може да дава позитивно мислење во врска со организацијата и функционирањето на државната управа во Македонија.

Нашиот граѓанин сеуште има страв пред државната власт. Едноставно не постојат соодветни инструменти, не постојат соодветни механизми за да може навистина државната управа да се претвори во сервис на граѓаните.

Четврто и последното е определбата од 1У-то поглавје, односно членот 77 на постојниот Закон, јазиците на националностите ги релеватизира на приватна работа. Односно јас како граѓанин такво право да се послужам пред управниот орган во управната постапка, дури имам и во Бангладеж. Затоа што секогаш ќе се најде некој, било од Конзулатот итн., кој ќе дојде ќе ги прведе тие акти и разговорите итн. Баш ако ја прочитате концентрирано определбата од член 77 има такво значење. Тоа право исто го имаат и странците кои доаѓаат во Македонија во контакт со органите на управата додека се решава во управна постапка.

III/1 СС/СЛ

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:(**продолжение)

Ако се толкува внимателно членот 7 од Уставот, односно став 2 на членот 7 каде децидно се кажува дека во единиците на локалната самоуправа каде припадниците на националностите живеат во мнозинство, покрај македонскиот јазик и кириличното писмо во службена употреба е и јазикот и писмото на таа соодветна националнос Тоа сега наведува на две прашања- дали се работи, односно поимот локална самоуправа, односно единица на локалната самоуправа дали се наведува или се замислува како географско територијален поим, или како организационен поим? Ако е географски, а јас мислам дека е, односно географско - територијален поим, автоматски претпоставува дека сите органи на управата што вршат дејност во таа единица на територијата на таа единица имаат обврска да го почитуваат ставот 2 од членот 7 на Уставот.

Ако се претпоставува дека се работи за организационен поим, тогаш има спротивно значење.

Меѓутоа, секое логично толкување оди во прилог на тоа дека се работи за територијален поим, бидејќи таквата формулација од членот 7 на Уставот е доведена во прашање, затоа што се работи за фактот што таа единка живее во еден колективитет. Значи, се работи за колективни права.

Тогаш, зошто другите органи на управата да не ја почитуваат таа обврска од членот 7 на Уставот.

И јас исто така се согласувам со некои претходни дискутанти дека треба да се усвои нов закон и треба да се одредат доста посериозно и овие предлози.

Благодарам.

III/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Збор бара г-дин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Законот за органите на управата по својата суштина и содржина е сложен и обемен закон. Законот што Владата го нуди по итна постапка за измена и дополнуваше на Законот за органите на управата, по мое мислење е ниту толку сложен, ниту толку обемен закон и мислам дека ние треба на оваа седница по практично и попрагматски да пристапиме во разгледувањето на овој закон за измена и дополнуваше. Тргнувам од тоа што до сега беше кажано особено од извештаите на трите работни тела кои го гледале овој Предлог за измена и дополнување на законот за органите на управата во изминативе два дена.

Мислам дека има една недвојбена работа, дека нов закон за оваа проблематика на Собранието е потребен. Меѓутоа, исто така треба да разбереме дека измените и дополнувањата на овој закон не се по суштина, ниту Владата веројатно имала намера сега да предложи да усвоиме закон што за еден подолг временски период ќе ги разреши проблемите што настанаа со новата ситуација во нашата држава и постојното законодавство за органите на управата.

Тоа сепак е еден закон што треба да премости одредена ситуација , односно што треба да премости ситуација на формирање нова Влада, таа да може пооперативно да делува на почетокот и поуспешно да се формира. И мислам дека така треба да го гледаме овој закон без интенција сега, денес и во овој закон што сепак го носиме со наша одлука од пред 10-тина минути по итна постапка, да ја опфатиме

целината на законот, со сите негови 250 или колку ќе бидат членови и дали тоа добро функционира, недобро функционира итн.

И во расправата до сега што се водеше по комисиите не беше со интенција да се опфати што се законот треба да понуди, туку пред се што измените на законот треба да понудат во овој момент.

Инаку, мислам дека главниот заклучок на нашето Собрание покрај усвојувањето на овие измени на Законот што се дел козметички, а дел во суштина да обезбедат подобро стартување на новата Влада, главниот заклучок треба да биде она што провејува во сите три извештаи од комисиите, а тоа е:

Законодавно - правната комисија - Заради ова е потребно Владата во што покус рок да предложи на Собранието нов закон;

Комисијата за општествено - политички систем има потреба од поскоро донесување на нов закон за државна управа со целосно уредување на прашањата;

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство - потреба за што поскоро донесување на нов закон за органите на државната управа итн.

Очигледно дека ова е главната интенција на денешната расправа. Покрај обезбедување проодност за новата Влада , со нов закон за органите на управата што уствари не е нов, туку е само малку променет, ние да донесеме еден заклучок можеби јас би размислувал и за временско терминирање на рокот за кој треба Владата да го понуди новиот закон за органите на управата и кога во една нормална, порелаксирана и веројатно подолга процедура на сите фази на законот би ги разгледувале овде за секој поединечен проблем што искрснува или

што може да искрсне. Дури, мислам дека и покрај воведничарот, претставникот на Владата, г-динот Иванов, кој даде во своето излагање, веројатно како формален предлог од Владата дека во рок од 3-4 месеци Владата ќе понуди нов закон во процедура, тој закон нема да се донесе веднаш , меѓутоа, во една процедура од плус 2-3 месеци или повеќе ќе се донесе, јас сепак сметам дека е потребно врз основа на овие три извештаи од работните тела Собранието формално да усвои заклучок да ја задолжи Владата во рок од 6 месеци или во рок од 4 месеци , не знам, веројатно е попрактично во рок од 6 месеци да предложи нов закон за органите на управата во процедура.

Ова го кажувам и од формална причина затоа што се надевам, да не бидам погрешно сфатен и од претставникот ни од Владата, оваа Влада сепак во овој мандатен состав како што сега делува ја врши функцијата на Влада, не би било згодно формално да настапува пред Собранието дека оваа Влада ќе предложи во рок од 3-4 месеци нов закон. Затоа што таа Влада сега ја врши функцијата на Влада и ние набрзо ќе се соочиме со избор на нова Влада. Таа нова Влада ќе треба да ни го вети тоа.

Затоа мислам дека е згодно Собранието да донесе заклучок врз основа на расправата во комисиите и извештаите од таа расправа, дека во рок од 6 месеци Владата треба да достави , на некој начин да ја обврземе новата Влада , во новиот мандатен состав да го достави овој закон и тогаш да ги отвориме сите овие расправи за кои јас сметам дека треба претходно да се разговара.

Благодарам.

III/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Збор има г-дин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Господин претседателе, почитувани дами и господа , ќе се обидам да бидам краток.

Во принцип го поддржувам предлогот на претходниот дискутант, меѓутоа, слушајќи ги излагањата на претпретходните дискутанти посебно во областа на органите на управата кон органите на општината и премногу Градот Скопје и посебно во делот кад^ што стои употреба на јазиците , на писмата на народите и народностите, да во тој период за 4 или 6 месеци, зависно што ќе се договориме, не ни дава за право да останиваме на формулации што некореспондираат со Уставот Тоа значи дека формулациите и при овој предлог на закон мораат да кореспондираат со уставните начела, без оглед дали ние за 4 или 6 месеци ќе донесеме еден нов закон.

Тие формулации овде, од претходните дискутанти беа провоцирани на место и мислам дека во тој прилог имаме и предложени амандмани од страна на група пратеници или поединечно пратеници, па во интерес на тоа седницата и предлогот да биде прифатен, јас би ве замолил да покажеме една соработка во тоа, овој Парламент во целина да даде поддршка на поединни амандмани што кореспондираат со уставните формулации. Ова го кажувам од гледна точка што ние, без оглед што ќе имаме краток период до нов закон , сепак и во овој период ние ќе треба да работиме по Устав и закони. Дали тоа ќе биде 4 или 6 месеци, тоа е друго прашање.

И второ, веројатно во текот на парламентарната процедура на наредните состаноци ќе дојде и Законот за локалната самоуправа, кој што, веројатно ако дојде порано, ќе се базира врз одредниците на овој закон што денеска ќе го изгласаме.

Затоа ќе ве молам да бидеме претпазливи во формулациите што не или кореспондираат со Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Збор има г-дин Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Законот што е на дневен ред е доста значаен и не случајно предизвика ваква расправа што сметам дека се води коректно и доста содржински.

Измените и дополнувањата во Законот за органите на управата меѓу другото, се предлагаат од причини што некои решенија по содржински карактер треба да се усогласат со уставните определби, а особено сега при формирање на нова Влада, се секако неминовни. Тргнувајќи од таа позиција сметам дека законот мора да се донесе.

Но, и покрај тоа, со измените и дополнувањата се бараат, патем и се прават извесни измени што се чисто од терминолошки карактер, што исто така се спротивни на сегашните уставни решенија и кои , нормално, сега се усогласуваат и од терминолошки карактер. До тука е се во ред и сметам дека предлагачот на законот е добро што пристапил макар и во ваква форма за која сите сме сведоци дека не ги задоволува барањата и потребите, односно не одговара на сегашниот тек на развојот на демократијата и системот воопшто во Македонија. Меѓутоа, со оглед на

тоа што претходно ќе следи формирање нова Влада, а за таков краток временски период објективно не сме во можност да донесеме нов закон за органите на управата, тогаш веројатно ваквото решение е излез од ситуацијата.

Меѓутоа, кога веќе е пристапено кон измените и дополнувањата на законот за органите на управата, сметам дека би требало до крај да се оди во тие измени , како од содржински карактер, така и од формален, односно, јазичен.

Со измените на законот , односно измените на законот, три односно четири решенија се битни што ги менуваат сегашните состојби:

- тоа е предлогот две министерства да се преименуваат и тоа Министерството за правосудство и управа се преименува во Министерство за правда, што впрочем е терминолошки некој општо-прифатен израз и сметам дека е добро што се пристапува кон таква измена;

- преименување на досегашното Министерство за односи со странство во Министерство за надворешни работи, што пак, во меѓу-народната комуникација е општоприфатен термин;

- едно министерство се дели на две, што исто така сметам дека е добро и беше дури неминовно, затоа што досегашното Министерство за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија не можеше да функционира како такво и било каков министер да беше на чело на таквото министерство објективно не можеше до крај да ги има воѓиците, збиднувањата во неговиот ресор.

- и едно министерство , досегашно, т.е. Министерството за информации се трансформира во понизок ранг на орган на управа, т.е во Секретаријат за информации, што може и да се брани ваквата теза за трансформацијата на ваквото Министерство, но секако дека има и доста валидни контрааргументи.

Мене, не ми е јасно зошто, кога се прави овој рез, не имал ист пристап предлагачот и кон прашањето на Министерството за односи со странство, односно Министерството за надворешни работи. Лично сметам, а и сум очекувал, верувам и дека повеќемината од вас очекуваат ова Министерство дека е време сега се подели во две, односно во Министерство за надворешни работи, каде ќе се покрие политичкиот, односно дипломатскиот и конзуларен дел и Министерство за надворешно трговија, односно економски односи со странство.

Навистина не ги знам причините, доколку не се и од политички карактер, а веројатно се, би сакал претставникот на Владата да го каже тоа, зошто не е пристапено кон оваа работа?

Лично сметам дека ваквата конституција на Министерството за односи со странство што го покрива и економскиот дел, не е издржлива, не е функционална, не е рационална, не кореспондира со општо прифатените правила на игра. Тоа неминовно ние ќе треба да го направиме во Комисијата, и во општествено - политичката и во законодавната, па верувам и во сите други, е истакната потребата од пристапување кон овие измени, односно кон овој процес.

III/9.-

Го поддржувам пратеникот Никола Поповски кој на некој начин бараше да се задолжи, иако формално - правно таква формулација не ќе може да се изведе затоа што Владата веќе е самостоен орган, но да донесе заклучок Владата во што пократок рок да донесе нов закон и ако може тој рок и да се орочи и тоа да се направи и комплексно да се заокружи системот на органите на управата што е една од најголемите болки на нашиот систем.

Второто прашање за кое исто така немам објаснуваше , за што исто барам одговор од Владата - зошто не е пристапено кон усогласуваше на Главата IV од законот? Доколку се прочитаат образложенијата на законот, причините поради кои доаѓа до измена на Законот, јасно ќе се види дека такви промени требало да уследат и во Главата IV од Законот. И, доколку тоа не е од политички карактер што веројатно е, јас сметам дека тој процес на одлагаше односно купување време на нерешавање на прашањето на практичната примена на членот 7 од Уставот на Република Македонија е залуден. И тоа, кога- тогај, ќе треба ова Собрание, не друго, да го респектира, почитува и применува Уставот што самото го донело.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Стојановски Томислав.

IV/1 JJ/НД

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ние денеска имаме неколку важни работи, суштински и ќе треба да појдеме по личен пример за да бидеме ефикасни како што викаме сите. Се залагаме за ефикасна управа, а ние веќе по втор пат касниме по три часа за почетокот на овие наши седници, без особено оправдување. Ние треба да дадеме пример за ефикасна управа и ако сме ние даречеме, на некој начин највисокиот законодавен орган. Толку за тоа. И сметам ако се нема особени причини, седниците треба да се закажуваат во порационално, пооптимално или во соодветно време, со полн респект дека работиме во едни вонредни услови. Би ги нарекол вонредни услови, затоа што сме на прагот на формирање на нова влада. Тоа е едниот дел од мојата дискусија.

Вториот дел се однесува на она што се наши ингеренции, кои се наши права и обврски и што е тоа највисок законодавен орган, ова Собрание, што е тоа највисока законодавна власт, а што се другите два сегменти извршната и судската власт.

Сметам дека нашата основна задача е ефикасно донесување на законите, нивна примена и нивно бранење. Повторувам, бранење на сите овие закони во сите сфери, во сите инстанци и во сите институции на овој систем. Што значи тоа? Тоа значи дека закон додека тука биде донесен можеме да доставуваме амандмани, може тука да се препираме во демократски дијалог, се разбира, коректно, а потоа, штом се донесе овде законот, ние треба да бидеме први тие,кои што ќе го почитуваме, ќе го респектираме и на некој начин треба да го браниме во јавноста, во

неговата примена и како што реков во сите нивоа, вклучувајќи ги се разбира, локалните самоуправни органи.

Судската власт не можеме да кажеме дека не е конституирана комплетно, затоа што имаме нов уставен суд, имаме нов Републички судски совет. Во прилог на ова и претходните дискусии, со полн респект спрема предлагачите на амандманите и со полн респект кон излагањето на пратеникот Насер Зибери подобро е многу работи да бидат расчистени, јасни, за да потоа ние можеме да работиме согласно со тие закони.

Амандманот што е тука поднесен за употребата на јазикот на националностите, во органите на локалната самоуправа некоенцидира со она што значи членот 7 од Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За амандманите имаме посебна расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако ми дозволите јас ќе бидам краток зашто колегите веќе навлегоа во расправа. Беше таа тема покрената и ако може.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не беше и одиме понатаму.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Едноставно се залагам за ефикасна управа што немаме гаранции дека со поделби на министерства или со составување на министерства тој проблем ќе го решиме. Сметам дека треба овде да се респектираат сите дискусии вклучувајќи ги особено, дискусиите на оние луѓе кои што се носители на други функции,високи функции сега јавни функции во

органите на локалната самоуправа, за тоа што овие закони не значи дека треба нам да ни служат овде, на Парламентот, туку тие закони треба да се преточат во практиката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почкитувано претседателство, почитувани пратеници, прашањето на органите на управата е едно од најважните прашања со кои што ќе треба да се соочи ова Собрание, оваа Влада и сите ние заедно овде, така што сметам кога ќе дојде на ред да се согледаат сите овие односи како треба да се воспостават во општеството тогаш ќе треба да водиме една поопстојна расправа. Меѓутоа, сето тоа што беше кажано треба да биде причина Владата и министрите и сите други надлежни кои што одлучуваат за овие прашања да им обрнат соодветно внимание,затоа што односот на централните органи кон локалните органи, односот на локалната управа кон граѓаните и сите тие работи се важни и важен сегмент со кои што се уредуваат севкупните односи во општеството. И затоа не треба да се чекаат тие шест месеци или една година за да се воспостават едни нормални услови и односи, туку треба итно да се преземат некои чекори за да се подобри ситуацијата, која што моментално владее а знаеме сите каква е таа.

За дискусија се јавив повеќе од една друга причина, од причина што зошто Владата кога веќе предложила некои измени, што нормално требало да се направат, имајќи ги во вид измените што ги направивме во составот на Владата и некои други министерства, не навлегла во една друга димензија на употребата на јазикот и тука  да исправи едни

неправди што беа предизвикани во минатото.

Имено на губењето од едно на стекнатите права се тие односи кои што најубитачно влијаат врз изградбата на меѓунационалните односи. Така што сметам дека во оваа сфера требало да се направи еден обид и да не се остава тоа да се прави преку друга пратеничка група, туку тоа самата Влада требала да предложи такви решенија, со кои би се повратиле еднаш правата што беа и постоеле, а се суспендирани. Да потсетам дека и во градот Скопје во службена употреба биле јазиците на тогаш како што било народностите односно сега националностите, па сметам дека во оваа сфера добро би било да се направи еден чекор и да се повратат тие права.

Но, за жал, овде најповеќе сум поттикнат да изнесам една појава која што денеска, така ја дознав , би сакал тоа да не е висти но еве за што се работи. Имено, во органите на управата од страна на министерствата односно на министрите се испратени циркуларни писма во кои што на началниците на органите на управата на поодделни министерства во одделни подрачни единици им се обрнува внимание дека службен јазик во местата каде што се работи е македонскиот јазик и со тоа се забранува дури и меѓусебното комуницирање меѓу припадниците на другите националности во органите на управата. Сметам дека ова нешто е многу лош предзнак за изградбата на демократските односи во оваа држава и не би сакал да верувам дека оваа тенденција, ова е една тенденција која што ќе треба да превладее во носењето на законите и во регулирањето на односите во оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Владимир Станковски.

IV/5

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани колеги, мислам дека денеска по малку слушајќи ги претходниците ја грешиме темата. Мислам дека денеска разговорот треба да биде како да ја органи- зираме државната управа, како најоптимално да бидат поделени ми- нистерствата, за да би функционирале најрационално и со тоа да овозможат сите граѓани на Македонија, тоа многу бргу да го почувствуваат. Се залагаме за тоа државата, државните органи и управата да бидат така изорганизирани, да бидат ефикасни. Јас мислам дека тоа треба да биде тема на нашиов разговор.- Мислам дека вештачки се вметнува една дискусија околу јазикот, користењето на јазикот и мислам дека тоа не е тема за денеска. Јазикот е јасно, и неговата употреба, за тоа не треба да дискутираме, се знае тоа е македонскиот јазик и кириличното писмо, а темата околу која погрешно се разговара можеби е за некои други времиња. Со тоа не оставам простор да допуштам некои други медитации на таа тема, меѓутоа денеска треба да ја погодиме темата за која треба да се разговара. Јас апелирам на следните дискутанти да дадат пример како треба нашите министерства да бидат организирани и да бидат што поефикасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе дами и господа пратеници, јас слушна доста конструктивни дискусии, навистина конструктивни, денеска од одредени пратеници. И ако сите имаа разбирање и јас имам разбирање кон Владата т.е. предлагачот на законот односно измените што ќе се прават со овој закон, али мораме ние исто така да имаме и едно колегијално меѓусебно разбирање зашто сите сме свесни дека денеска донесуваме еден закон ад хок закон со измени кои што би требало да

толку колку да се конституира оваа Влада на Република Македонија. Меѓутоа не смее на начин, на иритирање да настапуваме на оваа говорница дека тоа што го кажаа другите не беше конструктивно и нам ни е јасно кој јазик е јазик официјален во РМ. И ако тука кога сакаме да кажеме нешто што ни оди во прилог кога настапуваме од позиции, од различни позиции, го читаме членот 7 само став 1 и тогаш веќе забораваме или не сакаме да го читаме ставот 2 или ставот 3 од истиот член на овој Устав. И тука веќе сакале или не сакале, меѓутоа јас пак во овој случај како пратеник имам разбирање само до толку да не се расплинуваме многу врз основа на тоа што, еве имаше и такви конструктивни предлози дека треба да се донесе некаков заклучок на Собранието итн. дека ќе се донесе закон за органите на управата, а барем моите колеги правници, јас не сум правник, али колеги пратеници - правници кои велат дека навистина за да се припреми еден ваков закон за органите на управата не е толку лесно и не е никаков закон кој што може на брзина да се подготви и да се достави до ова Собрание. Па затоа, најдобра е една корекција која е направена и таму објаснета, веројатно кога ќе дојде на ред и амандманот што е доставен до ова Собрание од група пратеници, кога би бил со едно колегијално, велам и уште еднаш повторувам колегијално разбирање да се прифати тој амандман, што значи плус уште една корекција на овој предлог - закон, а тоа значи дека сите на крајот се согласуваме дека имаме една лоша шминка на овој законски измени и дополнувања, меѓутоа, со тоа дека ќе се донесе закон што навистина би личел на закон за органите на управата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 15 став 1 за бришење на став 2 и на став 3, за менуваше на член 16, за бришење став на член 17, за додаваше нов член 34-а и за додавање нов член 36-а, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Џеладин Мурати, поднесе амандмани на член 113 за додавање нова точка 11-а; и на член 113 за додавање точка 11-6 по кои Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Илија Гоцевски, Ристо Масев, Ристо Трајков, Јорго Шундовски, Александар Гештаковски и Аце Коцевски поднесоа амандмани на член 24 став 4 за менување на точката 8, член 28 став 1, и член 28 став 2 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство поднесе амандман на член 27 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство поднесе амандман на член 24 со кој не се согласил претставникот на Владата.

Пратениците Насер Зибери, Џеладин Мурати, Мерсил Биљаљи, Исмет Рамадани и Мевљан Тиари, поднесоа амандман за внесување на три нови члена 23-а, 23-6 и 23-в по кои Владата не се произнела.

IV/8

Пратениците Хисен Рамадани и Мерсим Биљали поднесоа амандмани на член 24 за додавање нов став 4 по ставот 3, на член 27 и за додавање нов член 27-а по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за внесување три нови членови 23-а, 23-б и 23-в поднесени од пратениците Насер Зибери, Џеладин Мурати, Мерсил Биљали, Исмет Рамадани и Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Ристо Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас би сакал на почетокот само да потсетам дека овде во расправата беше многу добро потенцирано дека оваа Влада обавува функција на Влада без мандат. Има доста прашања што преку амандманите се отвораат а не би можела, во ваков состав каков што е Владата да понуди соодветно решение согласно Уставот. Затоа, основниот пристап беше да се направат оние измени и дополнувања што согласно Уставот се неопходни и за кои што нема никакви спорни прашања и се прифатливи за сите а за сето она за што има спорови Владата во оваа функција каква што сега ја има не ги прифаќам, односно овие три амандмани не се прифаќаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој друг бара збор?

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа, почитуван претседателе, јас искрено да ви кажам очекував поширoко образложение на прашањето што се поставува односно поширoко образложување на ставот што го изнесе министерот Иванов, зашто оваа Влада како предлагач не ги прифаќа

амандманите поднесени од група пратеници да биде прифатен односно Владата да се согласи со содржината на амандманите.

Аргументот дека овој состав и ова време, нормално при формирање на нова влада да не може да се произнесе по ова прашање не држи. Прво, од причина што оваа Влада функционира скоро три годиш и оваа не е некоја нова влада која тек треба да ги преиспитува ситуациите.

Второ, и идната влада ќе биде горе-долу формирана од овие политички партии кои, всушност, беа и победници на изборите, така што нивниот политички став кон ова прашање не се менува.

Трето, сметам дека не може да се брани теза од причини што веројатно ќе уследат многу измени па не би требало во оваа фаза да се начне и проблемот што е поставен односно прашањето во Глава IV во членовите 76 и 77, зашто терминолошки, доколку до овде а и во останатиот дел законот се усогласува со уставот, а и по политичката содржина, тогаш тоа треба да се изведе во глава IV.

V/1 НН/ЛБ

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (продолжение)

Второ, сметам дека измените кои се предлагаат апсолутно имаат основ во Уставот и како такви тие решенија само треба да се применуваат. Тие треба да бидат основ и при изградувањето односно предлагањето на новиот закон и како такви да се носат.

Јас мислам сум убеден дека и до колку поинаку се псотапун ваквото решение не може да се брани односно не примената на ставот 2 и 3 од членот 7 на Уставот на Република Македонија ќе има веројатно далекосежни реперкусии и рефлексии и во меѓународните институции од причини што досега, до овој момент членот не е операционализиран апсолутно. Така да остана декоративно само во Уставот на РМ како таков. Да беше тоа навистина декоративен став на една политичка волја на ова Собрание ќе беше во приамбулата, а не во нормативниот дел каде што неминовно ќе треба да следи негова операционализација, што всушност не обврзува Уставот затоа што велиме ова прашање со закон ќе се уреди. Закони се овие што ги донесуваме,а област која регулира ваква материја е овој закон кој е на дневен ред.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Бидејќи во врска со оваа тема се отвори конструктивна расправа, јас ќе бидам многу краток, ќе апелирам дека она што е евидентно, она што јасно е напишано и јасно се чита во закон да го прифатиме како реалност и да почнеме да се соочуваме со проблемите и да ги решаваме. Ве молиме, најголемата заблуда е ако измислуваме дека нема проблеми и така тераме некој си ќеф, иако тие проблеми се евидентни а особено во сферата на употребата на јазиците на сите кои живеат во Македонија.

Излегов на оваа говорница само да изнесам некои мои размислувања поддржувајќи го амандманот кој е даден од неколку пратеници и да изразам неколку констатации кои подолго време ги размислува а тие се следните:

V/2

Се поставува прашаше зошто кога ова е уставна норма која е многу јасно дефинирана во член 7 од Уставот од претставник на Владата не се зема предвид иако се вршат корективи и во други членови, како што е член 12 од постојниот закон во кој член 12 беше регулирано рамноправноста на јазиците на народите и народностите во бивша СФРЈ. Значи тоа го отклонуваме со образложение дека таа бивша држава не постои, што е логика на работи но суштината што беше на тој член. Беше ова што би требало да се замени со став 2 од член 7 од Законот.

Се поставува прашањето зошто сакаме да наметнеме логика на двојни стандарди. Кога се во прашање остварување на правата на националностите, иако во обем и квалитет симболични, такви какви што се нормирани во постојниот Устав, пречки се законите, иако Уставот тоа го нормира. Додека, кога се сака да се укинат тие права тогаш пречка е Уставот, иако со Уставниот закон на Македонија сите закони на поранешна СФРЈ се преземени како сопствени ако не се во спротивност со Уставот.

Во овој случај јас би ја сфатил логиката на предлагачот дека не се задира во суштина на оваа материја од причини што оваа материја ќе се регулира со посебен закон за употреба на јазиците на националностите. Ве молам, имаме прилика трезвено и со ладни глави, она што можеме денес да го оствариме и да го нормираме, да направиме. Животот тече понатаму. И најголемите проблеми во праксата, кои се и извор на огромното незадоволство на граѓаните немакедонци е особено за ова прашање т.е. во примената односно непримената, службена непримена на нивните јазици. Рамноправноста на граѓаните и народите кои живеат во Македонија не се апстрактни категории. Тоа е битие на Македонија и треба да се остварува преку уставни и законски норми, значи институционално како предуслов за да се оживотвори во праксата.

определува Уставот на РМ за да можеме на адекватен начин, на уставен начин, на начин на кој што бара членот 7 ставот 2 и 3 да се реализираат прашањата околу употребата на јазиците на националностите во службена употреба во единиците на локалната самоуправа.

Мислам дека членот 7 од Уставот на РМ не треба да се гледа изолирано туку треба да се гледа во рамките на членовите 114 до 117 од Уставот на РМ каде што се определуваат рамките и содржината на локалната самоуправа во РМ. Претходниот парламент а и овој Парламент денеска стои огромна задача во рамките и содржината да локалната самоуправа нормативно ја регулира во соодветен закон при тоа имајќи предвид дека тоа треба да се направи и дополнително со закон за нова територијална поделба на Републиката, што не обврзува и членот 115 од Уставот на РМ.

Мислам дека тоа се претходни прашања кои треба да ги обезбеди нормативно ова законодавно тело за да може да се операционализираат уставните одредби во врска со употребата на оваа материја што ја регулираме. На начин на кој се предлага во овие амандмани, тоа да се направи при ова носење на законот за измена и дополна на Законот за државната управа мислам дека е само една набулоза и криво насадување на решенијата, проблемите од животот во РМ , од сферата на рамноправноста во делот на употребата на јазиците на националности и мислам дека само ќе создаде дополнителна конфузија од онаа која што ја имаме во животот. Ние сме тука пратеници и претходните заклучоци што беа, повикување на заклучоците на ова Собрание, работни, да донесе обврски за новата Влада итн. да донесе нов закон, важат ми се чини како обврска на овој Парламент и за целосна реализација на одредбите од Уставот на РМ.

Ние имаме уставен закон на РМ каде во членот 6 се дека целокупната законска норматива треба да се усогласи со одредбите од Уставот на РМ во рок од 1 година. Тоа е едниот начин на кој можеме ние како законодавен дом да извршиме притисок на Владата членот 6 да го измениме и да кажеме нова временска можност каде што законските решенија што егзистираат во РМ, што се во спротивност со постојните норми на Уставот на РМ на некој начин да извршиме политички притисок на Владата да ги усогласи тие решенија со предлог.

Исто така, членот 71 од Уставот, ставот 1 каде што прв овластен предлагач е пратеникот за предлози на закони. Јас мислам дека тоа ова Собрание не може да го направи со заклучоци, туку единствено може низ рамките на измена и дополна на законот, на Уставниот закон членот 6 за одредување на нова временска рамка за усогласување на позитивните законски прописи со Уставот на РМ и со целосно користење на капацитетот од член 71 од Уставот на РМ, пратениците да ја искористат таа можност и предлагаат закони до колку сметаат дека Владата касни со тие предлози или до колку сметаат дека се битни за регулирање Тоа беше мојата интервенција.

(во меѓувреме со седницата продолжи да претседава потпретседателот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор.

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги право да ви кажам јас сум против, всушност не сум присталица на повеќекратно јавување на говорница за една точка бидејќи мислам дека и тоа има свои реперкусии дури и за јавноста. Меѓутоа, сакам само кратко да кажам.

Овој амандман дефакто го содржи делот на Уставот член 7 алинеја 2. Наше е дали сакаме дали сакаме да го примениме уставот или не. Мислам дека сме пред една ситуација, јас го разбирам и господинот Наќе во врска со тоа дека има и други услови евентуално во законот за локална самоуправа треба да се употреби, меѓутоа овде не се работи за ниедна дикција односно во формулацијата нема никаков модалитет кој што од Уставот е дисонантен, како што еден од колегите тука го примен!-

Всушност ова е една елементарна норма која во животот веќе живее. Сега можеби има некои индикации, како што некој рече и таа животна реалност некој на некој начин да ја попречува. Мислам дека никој нема интерес за такво нешто а најмалку овој Парламент кој што треба не само да покаже спремност, туку тој е и способен тие работи на еден единствен начин да ги решава. Вистина, сакам да подвлечам дека ова е едноставно уставна одредба која што на еден начин се аплицира во Законот кој што навистина го регулира односот кој што е реален наш однос. Најмногу ќе ми биде жал ако сега и при определбата се покаже дека сета убеденост ни е само на таа, условно да кажам национална основа. Ние мораме во Парламентот да покажеме што пошироко разбирање за меѓусебните односи и за меѓусебните потреби. Најмалку на овој состав му е потребно секој амандман да добие боја според тоа кој го предлага, а не според тоа какви односи регулира и на што ја насочува заедницата во смисла на демократија, на една сплотеност, не само условно, туку и реална сплотеност на граѓаните и работните луѓе.

Второ, јас сум со поднасител на амандманот за поделба на министерството за надворешни работи во две министерства од претставникот на Владата не чувме валидни образложенија зошто тоа не се прифаќа бидејќи со ова не може да се прифати тезата, дека ова сега не навлегува во пошироки измени...

наша земја, наша држава бидејќи сме ние тука присутни и секогаш имамо право и уставно и било како друго право да се боримо за нашите права почнувајќи од употребата на јазикот итн. да не ги набројувам по ред.

Сега останува и тоа да се каже дека стварно некој од пратениците секогаш инсистират на нешто што не е мислим цивилизирано. Или на нешто што не е перспектива на оваа Република. Ние ако сакамо да градимо заедничка држава можеме само во рамките на овие работи, во рамките на рамноправност на сите граѓани во оваа земја. Бидејќи не сме во состојба во овој актуелен момент да го почитуваме уставот што го донесол претходниот состав на Парламентот сега збориме за една работа која е стварно во согласност со членот 7 со алинеја 2 и 3 на член 7, а некој не сакат да го прифаќа ова. Мислим дека не е во ред и треба во овој момент да се најде степен на разбирање кај сите пратеници и да гласаат за овој амандман.

VI/1.- OM/JM

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Јас се извинувам што повторно се јавив, меѓутоа веројатно во претходната дискусија најавив дека ако има потреба ќе се јавам. Овој пат да бидат попрџизен.

Прво, одредбите од Уставот членот 7 и ставовите се јасни. Јас не сум правник, но фала богу знам да читам и толкувам како што читам.

Второ, повод за ова излегување е една теза од претходните дискутанти оправдување дека не е време заради тоа што ние сме ги пречекориле роковите со уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија и тоа беше аргументирано со член 6. Членот 6, дозволете да Ви прочитам е многу јасен, па вели: "законите што не се во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија ќе се усогласат во рок од една година и т.н.". Овде имаме предлог, одредба што не е во согласност со Уставот на Република Македонија и би требало да ја усогласиме, или да донесеме одлука , сега повторно некој накнаден термин за усогласуваше. Или зошто се застана само на членот 6 од тој закон кога имаме и член 7 и член 8. Дури членот 7 дава пократок рок од 6 месеци за некои работи кои што не се реализирани. И член 7 е во тој прилог. Дали тоа значи дами и господа дека ние сега ќе се бавиме со рокови, или дали тоа значи дека овој состав на Парламентот е крив што нешто не се реализирало, а било задолжено во рок од една година, или 6 месеци. Предлогот од групата пратениците апсолутно корелира со Уставот и тоа со членот 7 став 2 и став 3 од тој член. Единствено ни преостанува овде дали да гласаме, или не гласаме за тој член. Се друго мислам дека е неоправдано губење на време. Не сум правник, меѓутоа искрено речено многу правници се обидуваат тоа да го толкуваат на

начин кој што најблаго речено не е прифатливо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас забележав дека од последниот дискутант очигледно бев погрешно разбран. Политичкото оспорување на одредбите од членот 7 ставовите 2 и 3 никој не го направи во овој парламент. Цело време зборуваме за операционализација на ставовите 2 и 3 и не само во оваа прилика, туку и во други прилики сме имале можности да зборуваме по тоа прашање. Практично да ја упростиме работата, реката е пред нас и треба да ја цапаме на некој начин . Тоа на сите ни е јасно Јас само скренав едно друго внимание дека во овој момент на начин на кој се предлага амандманот да се операционализираат ставовите 2 и 3 дека не е местото во ова решение и таквото решение би било само набулоза од следните причини. Сакам само да појаснам. Ставот 2 и 3 на членот 7 и 8 претходно претпоставува единици на локална самоуправа кои до денес ние не ги имаме дефинирано. Уставот, одредбите уставни во членот 114, 115 таму кажува дека единици на локална самоуправа се општините, но не овие постојните кои егзистираат денес. Тие се формирани како општествено политички заедници своевремено. Затоа што содржината од членот 114 до 117 на единиците на локална самоуправа кажува друго дека се тие единици на локална самоуправа, дека треба да добијат своја содржина преку новиот закон за локална самоуправа. И еден член таму регулира дека треба во рамките на тоа да се изврши нова територијална поделба. Дури откога тоа нормативно ќе се направи, ќе се стекнат предуслови за реализација на ставовите 2 и 3 на член 7 од Уставот на Република Македонија. Тоа е мој став. И додека тоа не се направи не ќе

можат да се стекнат услови за операционализација на ставовите 2 и 3 на членот 7 во Република Македонија. Мислам дека сега ова што се прави од група на предлагачи во оваа прилика по овој закон е исто така случај , дека не може сега да се прави на начин сегментарно во сите овие закони што ги имаме додека не ја регулираме локалната самоуправа и територијално додека не ги определиме единиците на локалната самоуправа. Нужно налагаат тоа членовите, одредбите од членот 114 до 117 со што се дефинира содржината и новата територијална поставеност што треба да ја направи законодавното тело. А тоа што терминот општина , уставната коинцидира со единица на локална самоуправа. Имаме општина која егзистира во политичкиот систем кај нас во Република Македонија мислам територијално врз основа на претходните уставни определби што ги имавме во Републиката и територијална распределба, законот за територијална распределба која е во спротивност исто така на некој начин со новиот Устав на Република Македонија. Тоа е прашаше кое внесува за момент забуна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, господине претседателе, бидејќи прв пат се јавувам на оваа трибина би сакал со мое мислење само малку да допринесам во врска со тоа дека ако не можеме помеѓу нас за некои челни работи да се разбереме, тогаш не би требало понатаму да одиме. Јас ќе почнам од една народна поговорка која кажува дека законот го прави тој што е во власта и како ќе го толкува тој така нормално и ќе се спроведува понатаму. Но, јас би додал само нешто и би рекол дека не се согласувам со дискусијата на г-динот Наќе Стојановски од тие причини,

затоа што во неговата дискусија г-динот Наќе Стојановски се повикува на членовите на Уставот кои ја регулираат локалната самоуправа од следните причини. Тие членови ја уредуваат организацијата и овластувањата на локалната самоуправа.

Под б) членот 7 ќе беше поврзано само за единиците на локалната самоуправа ако ставот 2 од членот 7 ќе почнеше со зборовите: (во органите кои се формирани од страна на единиците на локална самоуправа, тогаш јазикот ќе се однесуваше само во овие органи). Јас мислам дека тешко ќе се разбереме ако почнеме од некои други причини бидејќи мислам дека значењето на овие закони е ставот 2 од членот 7 кој ги обврзува сите органи кои вршат дејност во територијалните и на соодветна локална самоуправа. Мислам дека по компетентна за оваа работа е Владата на Република Македонија. Зошто во овој контекст токму Владата не го почитува; ова, јас мислам дека е посебно прашање.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, излегов на говорница да кажам дека го подржувам амандманот бидејќи како што кажа колегата Наќе Стојановски, по мене истиот не да прави цапање на реката, туку ја премостува реката. Го кажувам тоа заради тоа што законот за државната управа не е закон за локалната управа. Законот за државната управа по мене е закон повисок од Законот за локалната управа. И ако треба нешто, иако сум агроном по професија, но така тоа го сфаќам дека законот за локална самоуправа ќе користи решенија кои што се наведени во Законот за државната управа. И заради тоа велам дека тој претставува премостување на реката, а не цапање на реката. И од тие причини мислам дека овој амандман е потполно издржлив и треба

да се гласа, иако претпоставувам дека прстите ќе своето, меѓутоа сеедно, мислам дека треба разумот да победи, можеби нема да се случи тоа, но сепак треба да чиниме напори и да ја премостиме реката.

Мислам дека г-динот Наќе Стојановски иако е пратеник од минатиот мандат како што сум и јас, мислам дека не можеме да замериме за некои работи кои што и во минатиот мандат останаа нерешени. Законот за локалната самоуправа познато им е и на останатите бидејќи неколку пати доаѓаше на расправа пред Собрание, меѓутоа неколку пати и се повлекуваше. Дали за тоа треба да чиниме сега да даваме нови рокови? Мислам дека таква работа не треба да чиниме, бидејќи тие рокови се веќе поминати и не треба сега да се врзуваме за таква работа, бидејќи можеби повторно ќе кажеме: еве, и оваа работа не бидна, па ајде дајте да дадеме уште еден нов рок. Што ќе направиме со тоа, дали ќе допринесеме натрупаните проблеми да се решаваат ? Сигурно не. Ние имаме толку големи проблеми, имаме големи проблеми во стопанството, толку ни заостануваат работите кои што да кажам се регулирани донекаде, толку заостанува приватизацијата, а не сакаме да решиме она што претставува мал допринос во решавањето на многу големите проблеми што стојат пред нас.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас со најдобра намера, но еве , и понатаму не сакаме да се разбереме. Роковите јас ги спомнав во рамките на друг контекст, во рамките на инсистирањето што го имаа заклучоците од комисиите и некои искажувања на пратеници овде дека ни е потребен сосема нов закон за државна управа и за Влада и дека тоа не се прави со заклучок

на парламентот. Јас кажав нормативно како тоа се прави, или се прави со изменување на одредбите од член 6 од уставниот зарот ,да) спроведување на Уставот на Република Македонија, или тоа се прави со членот 71 секој пратеник да го искористи своето право и биде предлагач на законот. Тоа го кажав од причини што со заклучоци работни не може да се задолжува Владата на Република Македонија да постапува и да предлага закони. Мислам тоа треба да го знаат пратениците. Тоа беше во тој контекст моето искажување во врска со продолжување на роковите од уставниот закон како најцелисходно нормативно можеме да постапиме, затоа што и кај мене постои чувството на резерва дека после составувањето на Владата, Владата можеби окупирана од некои животни проблеми да некои нормативни работи и закони кои се во спротивност со одредбите од Уставот на Република Македонија и понатаму да почне со темпо на какво бевме навикнати да ги решава на непожелен начин . Оттаму беше моето инсистирање за роковите .

И ова беше другава втора тема за која дискутирав во врска со амандманот. И понатаму останувам на прашањето дека политичко оспорување на примената на членот 7 практично нема, барем не помеѓу мене и г-динот Ајдарага. Јас всушност гласав еднаш за тој член 7 од Уставот. Не знам г-динот Ајдарага дали гласал? Значи сум ја искажал својата волја по тоа прашање на начин како што е регулирано, но зборував за патиштата како може да се операционализираат и како јас ги разбирам ставот 2 и 3 и дека друг пат не постои, затоа што ставот 2 и 3 првенствено бараат дефинирање на поимот единица на локална самоуправа на начин што го прават членовите 114 до 117 од истиот закон на Република Македонија. И нужно извлекувам заклучок дека е потребно да се донесе законот за локална самоуправа и законот за новата територијална поделба на единиците на локалната самоуправа

во Република Македонија. И сметам додека тоа не се направи, дека не можат да се операционализираат ставовите 2 и 3 во закон како што тоа се бара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да обрнам внимание , ние сме нов состав , но да потсетам, во Собранието не треба расправите да траат помеѓу поедини членови на парламентот додека не се убедат . Всушност природно е да има различни погледи и невозможно е да очекуваме едниот да го убеди другиот овде. Фактички треба да се настојува секој своето гледиште да го искаже и штом го искажал доволно е, другиот си го искажал гледиштето, а Собранието одлучува со гласање. Според тоа, постоењето на различни погледи е сосема природно и нека нема настојување еден со друг да ги уедначат до крај погледите. Тоа не е Собра- ние, невозможно е тоа .

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас се извинувам на колегите, нема да бидам погрешно сфатен, но бев приморан да дадам еден суд на толкувањето на г-динот Наќе Стојановски како тој го разбира и го толкува Уставот кога се работи за локалната самоуправа. Во суштина овде фали само законот за територијална распределба на општините т.е. суштината е во тоа дали ние ќе имаме поголеми општини, или помали општини. Ништо друго господа. Значи тие функции кои Уставот ги дава на локалната управа, тие ќе се остваруваат било таа општина да има сто илјади жители или дваесет илјади.

VI/8.-

Јас овде излегов само ова да го кажам дека тие аргументи лично за мене не стојат и можеби тоа е една од најголемите причини зошто државната управа во овој случај е тројански коњ на нефункционирање на државата. Ве молам, од блокирањето што е направено на општините т.е. од тоталната централизација која е извршена во Собра- ние, во Влада, од тоа што општините т.е. локалните власти немаат апсолутно никакво право да решаваат и за најелементарните работи на луѓето сме доведени до една ситуација да граѓаните во голема мерка го губат довериетo во државните органи. Значи суштината на тоа е само дали ќе имаме поголеми општини, или помали општини. Дали тоа во суштина нешто менува? Не, господа, затоа аргументирајќи т.е. подржувајќи го овој амандман мислам дека основата е многу јасна и би требало во таа смисла да го дадеме нашиот глас.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас мислам дека е добро што г-динот Наќе Стојановски не го оспорува прашањето на потребата на регулирање на овие односи, туку кај него е во прашање редоследот на нештата што секако дека има право да размислува и расудува • на таков начин на кој беше искажан овде на говорницата. Прво, би требало да уследи закон за локална самоуправа, закон за територијална поделба на постојните општини и така натака

што не е спорно, може би, и поправилно ќе беше така да се постапеше, но ете, за жал, тоа не беше тоа. Односно тоа не се случи и покрај еден цел мандат од четири години .

Јас мислам дека не е ништо спорно доколку амандманот биде прифатен таков каков што е за што практичната примена е сосема друга и таа ќе уследи веројатно со операционализацијата која ја бара г-динот Наќе Стојановски на начин на кој бара уставот односно на начин утврден со закон. Сега само се прави една флуктуација на одредби од постојниот закон во новиот со кој се изменува постојниот и ништо понатаму.

Јас бев еден од тие кои заедно со г-динот Поповски баравме да се донесе заклучок од страна на Владата меѓу другото да се задолжи односно да биде заклучок на Собранието во што поскор рок да биде донесен комплетен закон за локалната самоуправа. Јас не знам дали навистина мисли господинот Наќе Стојановски дека Насер Зибери не знае дека има право да предлага самиот закон. Барем, тоа го знам, ако не повеќе. Исто така знам дека во член 91....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вака, кога се обраќате, Ве молам само да ви кажам обраќајте се на парламентот, а не што мисли Наќе дали вака или онака. Тоа е работа на Наќе што мисли и како мисли, а вие ќе се обраќате на

Парламентот, а кој што има право си знае од Деловникот, од Уставот, од законите и немојте во дијалог, да не се впуштате во дијалози, ова е парламент, барем Вие сте од стариот состав, знаете.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Добро, еве го прифаќам укажувањето мада не го делам мислењето со претседателот.

Исто така знам дека во втората алинеја на став 1 од членот 91 основна обврска на Владата е да предлага закони. Ова не е исклучок што ние го бараме. Тоа е прво.

Второ, кога 90% од сите акти кои ги усвојува Собранието што се предлагаат од страна на Владата зошто да се прави исклучок во овој случај.

Трето, ние господа пратеници поднесовме таков закон односно поднесовме закон за употреба на јазиците, како пратеничка група, како пратеници, но тој закон од икс причини не беше долго време ставен на дневен ред, па кога беше ставен од разни комбинации кои веројатно ги знае господинот Стојановски, беше симнат од дневниот ред.

**ЈБЛАГОЈА- СТЕФАНОВСКИ:**

Почитуван пртседателе, почитувани пратеници. Ќе бев многу посреќен ако мојата прва расправа овде во Собранието беше на некоја друга тема за која веројатно и постручно би говорел и со многу повеќе прљаво дека сум убеден дека тоа што ќе го кажам ќе има тежина. Меѓутоа, сметам кога се донесува Предлог закон треба да се знае која е главната цел - суштината. Суштината што побрзо да донесеме Влада која ќе ни донесе некои работи кои ќе го променат ова живееше кое течело овие четири години и кое очигледно од народот не беше прифатено. Не значи тука било правнички или други надмудрувања дека ќе ја разјаснат работата на подобро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас Ве молам зборувајте само за амандманот.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Во овој момент целта за донесување на овој закон, а со тоа и овој амандман, е што побргу да се донесе Владата со предлозите што ги даде самата Влада. Значи, по четири или шест месеци тие работи ќе се разјаснат. Овој амандман ништо повеќе нема да му донесе корист на овој закон. Очигледно во овој момент не можеме да најдеме разјаснување од толкувањата и од едната и од другата страна со нужна почит и на двете гледишта. Мислам дека е многу добро сега да ги поминеме амандманите и да гласаме, меѓутоа, да ја гледаме суштината да се донесе тој закон што го предлага Владата за да побргу донесеме нова Влада.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги, лично мислам дека непотребно трошиме многу снаги за една работа која објективно предизвикува многу чувства и различни толкувања затоа што мислам дека амандманот многу несреќно е формулиран и не треба да се упростува членот 7 ставот 2 од Уставот и фактички на овој начин во Законот за органите на управата да се реши судбината на член 7 став 2 од Уставот на Република Македонија. Мислам дека ќе се согласите со тоа.

Еве да го прочитам членот кој предизвикува односно амандманот кој предизвикува најмногу полемики. "Во работата на органите на управата во општините ..." прво, по Уставот немаме органи на управа по општините.

Второ, овде се говори "во работата на органите на управата комплексно комплементарно решавање на употребата на јазикот во работата на органите на управата".

По членот 114 од Уставот ние можеме во единиците на локалната самоуправа можат да се формираат само облици на месна самоуправа

никако и органи на управа. Според тоа, членот 7 експлицитно ставот 2 говори дека употреба во оние единици на локална самоуправа каде претежно или мнозински живеат националностите се дозволува во службена употреба и јазикот и писмото на националностите, но под услови утврдени со закон. Таму на крајот стои, Ве молам да го читате целиот член, според тоа не смее да се стекне впечаток дека бегаме од неминовноста членот 7 да се операционализира целосно, а што рече и г-динот Рамадани. Овде ние многу го упростуваме, сакаме на единствен начин преку законот за државна управа да го решиме проблемот на употребата на јазиците онака како што го дефинира уставот во членот 7 став 2.

Според тоа, не е спорно во Законот за државната управа односно Законот за управата употреба на јазиците при поднесување на поднесоци- те односно во комуникацијата со органите на управата. Овде станува збор многу покомплексно да се реши прашањето со употребата на јазиците во смисла на членот 7 став 2. Ни овој парламент веројатно не може да избега од таа задача, но сега не е предмет на регулирањето на овој проблем со овој закон да се реши. Затоа мислам дека од овие две причини овој амандман е неприфатлив, а не неприфатливи се барањата за решавањето на проблемот на употребата на јазиците.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека дури сега навлегуваме во суштината на проблемот односно дискусијата на г-динот Петковски е тоа. Мислам дека цело време во ова Собрание и надвор од него имаме двојни стандарди во смисла на толкување на член 7 ставовите 2 и 3 од Уставот. Доколку навистина мислиме дека тие одредби се однесуваат исклучиво на органите на локалната самоуправа тогаш е друго прашање, но требаше така да се напише во Уставот што впрочем при изработката на Уставот имаше и таква тенденција, имаше такви предлози. Ставовите да гласат дека во органите на локалната самоуправа каде живеат така и така, ќе биде употреба тоа и тоа. Случајот не е тоа и не случајно уставотворецот

не го напишал тоа, туку напишал во локалните единци, а според Уставот локална единица е општината и сите органи и сите институции и сите луѓе кои живеат во рамките на таа територија на таа општина ги прифаќаат односно ги имаат тие права и обврски. Дали е спорно сега тоа да органите на управата кои делуваат, работат во рамките на тие територии односно тие општини да го применуваат членот 7 ставот 2 и 3 или прашањето кое се регулира со членот 7 став 2 и 3 е право на органот или на граѓаните. Мислам дека тука треба да се кршат копјата и тука да се диференцираат работите. Доколку тоа прашање е право на органот, тогаш е јасно ова право го уживаат органите кои се во рамките на локалната самоуправа и ништо понатаму. Доколку тоа е право на граѓаните што секако нема сомневање дека е тоа, тоа значи тие граѓани и сите тие институти кои делуват во рамките на таа општина го имаат тоа право и обврски.

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

Сметам дури и најслабите правници членот 7 став 2 и 3 би го толкувале дека во овие единици се задолжени сите органи да ги почитуваат прописите кои се однесуваат во врска со јазиците на националностите, сите органи кои вршат дејност односно јавни овластувања. Тоа што се повикуваат на тоа дека се уште не е донесен овој или оној закон, тоа е само образложение без покритие и не заслужува ни да се слуша.

Последната реченица од ставот 2 на членот 7 се повикува дека е потребен закон и тоа е очигледно. Меѓутоа, не се кажува дека е потребен закон за локална самоуправа. Ако некој мисли дека се бара посебен закон, тогаш можеме исто така да дојдеме до апсурдна состојба. Зошто? Ќе имаме еден закон кој е посебен во врска со јазиците и повеќе закони кои исто така оваа материја ја уредуваат парцијално.

VII/6.-

Сега конкретно за законот за државната управа кој во врска со припадниците на националностите го уредуваат само прашањето и постапката како индивидуално право и како ќе постапи органот кој решава дали ќе ја почитуваат само оваа одредба која го санкционира само прашањето за постапката или ќе се повикува на посебниот закон кој таа материја поопширно ја уредува.

Исто така сметам и не се согласувам со констатацијата дека во единиците на локалната самоуправа немаме државни органи. Имаме локална власт, а локалната власт е претставник на државните органи, претставник на централната власт и не може поинаку да се каже. Локалната самоуправа нема државни органи, меѓутоа, како територија таму функционираат органите на државната власт односно локалните органи на власт и треба да вршиме јасно дистинкција помеѓу локалната власт и локалната самоуправа. тие се две различни прашања. Ако е потребно и теоретичарите можат да го објаснат ова прашање.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине пртседателе, дами и господа. Веќе ми е јасно и потполно се согласувам дека со убедување ако одиме еден кон друг не можеме затоа што со задоцнување ќе се убедиме, меѓутоа тоа обично го правиме со пролонгирање на времето.

Кога решивме да доставиме амандман со оваа содржина, еден од тие сум и јас, пред нас се појави таа дилема дали да настапуваме со амандман или не. Дилемата беше во тоа дека во предлогот на законот кој се доставува до нас точно е тоа дека ништо не е пипнато во тоа што е член 76 и 77 од стариот закон кој за нас и за сите нас нормално ќе го прифатите тоа, дури е и вулгарно и старомодно сега да се толкува еден закон кој беше закон на една социјалистичка Република во рамките на една Федерација.

Сега расцвилуваме исто така околу тоа дека зошто предлагачот односно зошто од Владата не е пипнат односно не се пипнати членовите 76 и 77? И тука имавме наше образложение и меѓусебно убедување дека може би се одело на тоа дека сепак тоа право останува како што е во членот 76 и 77 меѓутоа, мора да се интервенира во овој случај затоа што правиме измени и дополнувања, но по се изгледа и во Владата како нема смелост да се навлезе во суштината на еден сегмент од проблемот што е дел на овој закон.

Кога ние како пратеници Ви доставуваме амандман постои еден друг проблем како по некоја интерција никако не можеме како пратеници со полна наша одговорност како народни пратеници да се одвикнеме од нешто што ако предлага Владата, без разлика сега каква е дали коалициона и составот на парламентот, што многу добро кореспондира со составот на Владата и коалицијата, како да немаме смелост да правиме корекции. Кога правиме таква корекција каква што е понудена врз база на многу аргументи и пишани во текстот и кажани овде од пратениците. Јас очекував дека таа смелост ќе проработи кај претставникот на Владата кога излезе г-динот Ристе Иванов и ќе рече дека од Владата се прифаќа амандманот и ништо повеќе. Меѓутоа, и тоа не се случи. И кога не се случи и од претставникот, веројатно не разговарале околу тоа дека можеш да прифатиш корекции, сега испаѓа дека се што ни се сервира од Владата, мора, потенцирам мора да се прифаќа текстот оригинал како што ни се сервира и кога во себе и размислуваме и сме убедени дека навистина треба да се прифати корекција и нормално чинот на гласањето ќе дојде исходот го знам нема да ви го кажам сега и се преминува така.

Меѓутоа, барем сега сме еден состав на пратеници кои по се изгледа би требало да одиме и на меѓусебно, господине претседателе

убедување затоа што тука беа изнесени аргументи и тоа доста цврсти и убедливи аргументи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Последниот дискутант заврши со зборовите аргументи односно суд за аргументи доста издржани и законски оправдани. Но, во дискусијата на Тито Петковски која ја поддржувам, ми се чини дека недостига да се прочита членот 7 6 од постоечкиот закон.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:** (продолжение)

Во работата на органите на Управата во службена употреба е македонскиот јазик и неговото писмо кирилица. Амандманот што го поднесува групата на пратеници продолжува со овој текст во став 2 во работата на органите на Управата, она што беше речено, во општините. Значи овде се внесува зборот општини, кои во став 1 воопшто не фигурира и не држи во кој како мнозинство, продолжува текстот, или како значителен број, овде се споени двете алинеи од членот 7 од Уставот, тоа е вториот или третиот став. Живеат припадниците на националностите, во службена употреба покај македонскиот јазик и кириличното писмо се јазикот и писмото на националностите. Ова е одредбата на амандманот.

Што се однесува до членот 7 од Уставот јасно кажува, и ониe пред мене што дискутираа исто спомнааа, дека не се однесува на локалната самоуправа. Ставот 2 јасно кажува од Уставот. Во единиците на локалната самоуправа, во кој како мнозинство живеат припадници на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и кириличното писмо се јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон. Тоа е Законот за потреба на јазиците на националностите. Тој во нашата држава како што мене ми е познато не е донесен. Фактички сум против овој амандман бидејќи неговите барања што се изнесени од групата пратеници се и против уставната одредба на членот 7 и против одредбата на членот 76 став 1.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Логиката ме натера да станам и да коментирам кратко само една дискусија која што беше присутна во овој период додека се расправа ова прашање, а повеќе сакав да ве потсетам на еден крајно принциелен и доследен став,

особено зборувам за пратеничката група на СДС и Либералната партија дека по ова прашаше ние секогаш сме имале еден јасен став, дека употребата на јазиците на националностите мора да се регулира согласно Уставот со посебен закон и дека претходно треба да биде донесен законот за локална самоуправа и како што кажа колегата Наќе Стојановски и евентуално и Законот за територијална поделба на Република Македонија. Тие се основни законски проекти кои што ова Собрание во минатиот состав не успеа да ги донесе, како основа за разрешување на едно крупно правно и политичко прашање како што е употреба јазиците на националностите.

Од тој аспект не ја поддржувам дискусијата, или таквиот призвук на еден мој колега кој што кажа дека сега во отсуство на опозицијата од минатиот состав дека се видо изменети условите за донесување на поинакво решение. Напротив, јас сакам да потсетам на еден доследен и јасен став на Собранието, на добар дел на пратениците на СДС и Либерална партија и на Социјалистичка партија дека нужни се донесување на овие закони. Тоа значи дека и при непостоење на таков вид на опозиција ние остануваме на тие доследни гледишта и стојалишта кои што и во овој случај ги браниме.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Од некој од пратениците овде беа изнесени ставови дека точно со овие контроверзии и конфузии врзани им се рацете на некои единици на локална самоуправа. Јас би рекол обратно. Во отсуство на еден прецизен ракон обратно се случува. Исклучиво за амандманот што зборувам дека веќе овој амандман се спроведува во практика во западниот ден на Македонија. Дека таму во употреба во Собранието во Гостивар и во Дебар е само на албански јазик. Дека таму се емитува

химна на странска држава, дека се употребува знаме на странска држава, дека таму химните се пишуваат само на албански јазик, Уставот и законите не го велат тоа, дека педагошката евиденција во сите степени во образование се изведува само на албански јазик, во сите основни и средни училишта, што е спротивно на Законот и треба некој да биде виновен што ова се толерира и што е дозволено вака да се случува. Практично целиот овде тука нашиот денешен ден и сите дискусии по мене се бесцелни, ќе извините на изразот, "кучињата лаат, караванот си врви". Ако беше обратно не ќе ни се случува таму веќе почнува да се формира албански универзитет кој почнува на 17-ти декември,а ние овде се расправаме за член 7 од Уставот, став 2 и 3, кои се или јасни или ќе се разјаснат. Јас поставувам овде едно многу важно прашање. Во локалната самоуправа се случуваат нешта ,кои што лесно можат да доведат до многу опасни состојби, до дестабилизација на целата држава. Дајте да се потсетиме повеќе на овие работи, барем од Владата во овој вакум и до ресорните министерства особено од Министерството за образование, должи на јавноста кое што е вознемираена целата јавност, особено јавноста за западниот дел на Македонија ќе се произнесе што значи тоа отворање на албански универзитет во Тетово. Тоа е политичко прашање со исклучително значење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е на дневен ред.

**ТОМЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе само да го изнесам дека тоа е првостепено политичко прашање на кое што треба да му посветиме внимание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа Собранието работи по дневниот ред што го утврдува а не избира политички прашања.

VIII/4.-

**СТОЈАНОВСКИ:**

Во однос на овој амандман, согласно забелешките на Уставниот суд на РМ,. вчера во Тетово прекината е работат на општинското собрание, затоа што не се почитуваат одлуките на правосудните органи. Ако сме ние овде Собрание, Уставниот суд е тој кој што ги ревидира и ги насочува нашите закони. Јас ќе се чувствувам секогаш понижен ако Уставниот суд нам ни поништува закони.

**БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:**

Се извинувам што земам збор по втор пат, не знам мојот

пријател и колега дали мислеше на мене, јас реков дека кога ја спомнав опозицијата или минатиот Парламент смеав дека ние денес треба, затоа спомнав, кога претседателот ме опомена, дека Законот денес е најважни тој ќе овозможи нешто подобро работеше, а не мислев она што пред тоа објаснивме дека тој ќе ги разјасни и другите работи. Овој Амандман апсолутно не може да донесе некои нови вредности во донесувањето на овој Закон за да овозможи подобро работење, или подобро формираше на Владата. Значи не прифаќам лепење на некои работи кои што знаете тие се познати, од контекст ќе се извлече некоја реченица и после ќе се фрли на човек. Тоа не е во ред, без разлика што се работи за човек до мојата партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете зошто е важно ова што ви велам, секој да се обраќа на Парламентот, а не да почнува со дијалози, бидејќи ќе се поделиме 60 со 60, па сите еден на друг што има да си каже. Немојте да се препознавате, седете си мирно таму и да продолжиме со работа.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Излегов да кажам дека само протестирам за големи невистини што се изнесени тука од г-динот Стојановски Томе - Бомбата.

Изгледа како што му е амандманот, така сака и бомби да внесува овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да не одиме во истражување што е вистина, што е невистина. Овде секој си зборува своја вистина, но само за тоа ве молам да си останете сите во рамките на расправата по амандманот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-да пратеници, јас тоа другото би го кажал. Г-динот Томе Стојановски кажа многу вистини. Навистина многу вистини и тоа се случува и ќе се случи. Меѓутоа се птврдува мојата теза, односно моето кажување пред малку дека со нашето задоцнување и при убедување и при донесуваше на закони и такви одредби кои ги регулираат, односно бидејќи немаме правна регулатива која е поврзана со Уставот, а ние треба да донесеме дури и позитивни закони, затоа што еднаш ние тоа го спомнуваме многу почесто, еден прочуен господин Бадинтер и сега тие позитивни закони кога не ги донесуваме, кога не интервенираме во вакви случаеви, сега ќе изнесеме такви работи што како да не фака некоја грозница, се плашиме што се случува. Но ние мораме да кореспондираме со една вистина, која е вистина, така што пред законите по се изгледа кај нас си оди животот кој е реален и кој ќе се случи во оваа Република Македонија. Затоа ние тоа треба да го правиме. Затоа ние треба да имаме правна регулатива за да можеме многу по материјално и многу подобро да ги кажеме работите, а не да ги кажеме како што не боли нас, од позиција на човек со одредени политички убедувања негови Затоа што по се изгледа е голема вистина дека и политичките убедувања после ќе си одат со некоја правна регулатива која ќе постои, односно ќе ја имаме.

VIII/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои овој Амандман, за внесување три нови члена 23-а, 23-б и 23-в поднесени од пратениците Насер Зибери, Џеладин Мурати, Мерсил Билали, Исмет Рамадани и Мевљан Тахири.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 4 за менување на точката 8, поднесен од пратениците Илија Гоцевски, Ристо Масев, Ристо Трајков, Јорго Шундовски, Александар Гештаковски и Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

По однос на предложените амандмани, првиот амандман се прифаќа, затоа што во образложението беше напоменато дека се врши исклучиво механичка поделба на Министерството со надлежности кои што јасно и стриктно се знаат и во министерството за сообраќај и врски и во Министерството за урбанизам и заштита на животната средина, меѓутоа, бидејќи постоеше дилема дека одредени надлежности кои што сега се обавуваат ќе бидат одземани...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, значи се прифаќа Амандманот.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Се прифаќа Амандманот. Во однос на амандманот број 2 исто така се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но тие се други амандмани за нив после ќе прашувам. Добро, овој амандман е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Отворам претрес по Амандманот на член 24 поднесен од Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство.

Молам кој бара збор?

**НАНО РУЖИН:**

Јас треба да поднесам образложение за овој амандман, а тоа образложение се темели на најмалку три причини, од етимолошка, суштинска и рационална природа. Имено, Комисијата прифати предлогот на Владата, Министерството за урбанизам и заштита на животната средина да се вика Министерство за урбанизам и животна средина. Зошто? Затоа што тоа е единствено Министерство во кое фигурира една описна именка заштита, тогаш зошто не фигурира на пример истиот израз во Министерството за правда, заштита на правдата. Или пак во Министерството за стопанство, немаме Министерство за развој на стопанство, па поради до поадекватно би било да се вика Министерство за урбанизам и животна средина.

Втората причина е што самиот збор урбанизам е во спротивност со функцијата шатита. Имено, знаете дека урбанизмот значи и повреда на животната средина. Со оглед дека сакаме да одбегнеме одредени дво дејности во називот на Министерството, сметаме дека Министерството би требало посоодветно да се вика Министерство за урбанизам и животна средина. И трето, заради рационализација. Мислам сосема е разбирливо дека помалку зборови значат поголема рационализација. Во таа смисла исто така предлагам за Министерството за труд и социјална

политика со оглед дека социјалната политика го имплицира и трудот и вработеноста и невработеноста, сметаме дека тоа е како да кажете течна вода или мокра вода. Сосема е разбирливо дека едно Министерство кое се занимава со таква проблематика би требало да се вика Министерство само за социјална политика, бидејќи трудот како елемент, социјалната политика го подразбира трудот. Точно заради рационализација нема потреба и ова да се повторува во самото Министерство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата се произнела по ова прашање и нема потреба натаму.

Молам дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по овој амандман.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Според тоа констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот на член 2 4 поднесен од Комисијата за надворешно – политички прашања и доноси со странство.

Отворам претрес по Амандманот на член 24 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратениците: Хисен Рамадани и Мерсил Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Овој Амандман со кој што се предвидува поделба во рамки на Министерството за надворешни работи и Министерство на економски односно со странство и надворешна трговија, Владата не го прифати, бидејќи имаше голема расправа во кои рамки треба да се оди во промена на овој Закон за управа, имајќи предвид дека ќе се формира

нова Влада и согласно потребата за поцелосна реорганизација на Управата и согласно потребата сите тие измени да бидат ставени на еден стручен и експертски увид и пред меѓународната јавност, сметавме дека во овој момент не е добро на ваков начин механички да се подели ова Министерство, а да не се обезбеди суштината, односно сите трговски односи и врски на Републиката да бидат сместени во едно единствено Министерство. Амандманот не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

X/1 JJ/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Законот.

Молам кој бара збор?

Има збор госпоѓа Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници во распра- вата по амандманите пропуштено е да се спомене дека Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство има уште еден амандманот, тоа е амандманот 27 .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој е составен дел на текстот на законот, бидејќи претставениот на Владата го прифатил на Комисијата.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Не го слушнавме тоа и затоа интервенирам, но добро е да се каже дека овде го имавме.

**СТОЈАН АНДОВ;:**

Следете, но во ред е.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Законот.

Пред да минеме на гласање, ве потсетувам дека за донесувањето на овој закон е потребно дво третинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Ве молам да ги повикате пратениците што се надвор да влезат во салата.

Настапува моментот на гласањето.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

94 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

10 пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање.

Три пратеника се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

Бидејќи ова е прв закон што го донесуваме со 2/3 мнозинство после долго, долго време, ви предлагам тој чин да го поздравиме со аплауз.

(бурен аплауз)

Минуваме на **точката 3** - Предлог на одлука за поднесување барање за стапување на Република Македонија во членство во Светската трговска организација.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието ви се поделени.

Согласно член 121 од Уставот на РМ за донесување на оваа одлука потребно е мнозинство на гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам општ претрес.

Кој бара збор?

Има збор господинот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, предлогот на одлуката за поднесување барање за зачленување на РМ во членство на Светската трговска организација ја добивме пред оваа седница и заради некои работи што се внесени во неа сметам дека денеска не можеме да ја усвоиме. Според оваа одлука, многу стопански гранки ќе добијат извесни благодети, меѓутоа нашиот аграр кој што одамна е втурнат во клопката на таа апсолутна сиромаштија, треба многу да изгуби. Министерот за надворешни работи, господинот Стево Црвенковски треба

малку да даде поголемо образложение што со оваа одлука ќе добие и ќе изгуби нашето земјоделство. Во неа во страница 3 точка р, меѓу другото се вели: "Република Македонија треба да прифати обврска дека нема да ги зголемува субвенциите за земјоделството, дека ќе ги намали извосните субвенции за 36% и истовремено да го намали количеството на извозни субвенционирани земјоделски производи за 24%". Јас лично сметам дека со оваа точка, со овие обврски што треба да ги превземе нашата држава спрема оваа организација ќе се најде во незавидна положба извозот на нашиот тутун, јагниња, јуници и посебно из- возот на виното. Од овие причини сметам дека денес ова одлука треба да ја пролонгираме, односно да се донесе во некоја друга прилика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор господинот Стево Црвенковски, министер за односи со странство.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Вклучувањето на Република Македонија во меѓународниот систем на трговија и на царинска заштита би требало да биде неспорно А неспорно беше и за Владата да ги започне преговорите со ГААТ заради тоа што и уставниот закон ја обврзуваше на некој начин Владата за оние меѓународни организации во кои членувала поранешната федерација по пат на наследување на членството, да постапи кон пристапување во тие организации, договори, конвенции и меѓународни документи. Заради тоа тргна во преговори со ГААТ. Пристапувањето кон Светската трговска организација не е ништо ново , туку е организација која што ги наследува правата и обврските на таа. Со самото тоа што влеговме во постапка за пристапување кон ГААТ, логично е да продолжи пристапување и кон Светската трговска организација.

Потребата од одлука на Собранието за тоа е од уставна природа затоа што се работи за нова организација во која не можеме да пристапиме по пат на сукцесија, треба да донесе одлука Собранието. До колку Собранието не донесе одлука, ние ќе продолжиме со она што сме го почнале, зашто имаме обврска, а тоа е пристапување кон ГААТ а нивото на обврските на царинска и вонцаринска заштита ќе остане нашата обврска практично иста , а ќе изгубиме време за зачленување во Свет- ската трговска организација.

Практично промена во третманот нема да произлезе од едното или од другото кон земјоделството или кон било која друга гранка, затоа што промените веќе се содржани и во последните документи на ГААТ, со Уругвајската рунда на ГААТ. Заради тоа, мислам дека нема потреба од никакво одлагање, а има потреба од една сеопфатна анализа за по-натамошните обврски од ГААТ и од Светската трговска организација како ќе се одразат врз разни гранки на стопанството овде. И мислам дека тоа е работа што требаше и сите субјекти во економскиот живот на државата да ги започнат многу порано, затоа што тие документи се од поодамна познати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Знам дека целосно трпението е при крај, меѓутоа, навистина, колегата ме поттикна нешто да кажам и јас, односно малку потрезвено да размислиме за прашањето што е на дневен ред. Тоа е многу интересно, многу важно, меѓутоа, и од друга страна многу важно. Земјоделството ни е на такви позиции во кое еве не можеме да влијаеме да му ги подобриме позициите. Меѓутоа, со една ваква одлука која, велам, во начело и се согласувам и со сите тие работи за сите тие наши настојувања да се вклучиме во Европа, бидејќи така единствено може да

се вклучуваме, меѓутоа, треба да размислиме длабоко, длабоко што ќе стане со нашето земјоделство. Сите тие производи што колегата претходно ги спомна се интересни, се производи со кои ние настапуваме на странскиот пазар, и ако ние не сме во состојба односно ако прифатиме вакви работи, на- вистина, ќе бидеме доведени односно нашето земјоделство ќе биде доведено во многу тешка состојба. Не знам, размислувам, можеби е подобро, сепак, да го чуеме и гласот на нашите земјоделски производители, барем на покрупните па дури потоа да донесеме една ваква одлука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, јас прво имам една забелешка за овој документ бидејќи ни го дадоа денеска па заради тоа ги имаме и овие дискусии, за што се јавуваат одредени пратеници, за што со оглед на малото време за читањето на овој документ се плашат од последиците за нашето земјоделство од оваа спогодба. Ако добро се прочита се гледа дека првата добра работа е таа што царините на нашите производи во земјите каде што треба да извезуваме ќе бидат на ниво како за сите членки. Тоа е прилично важно за извозот за нашите производи било од земјоделството или од индустријата. Исто така со овие субвенции за извоз и за земјоделството и се друго, ние ќе немаме проблем од овие ограничувања што се дадени овде, туку имаме просто ограничувања поради тоа што нема од каде тие работи да се субвенционираат, како што и не се субвенционираат. Посебно сакам да кажам кога воде се спомна виното, виното воопшто не е субвенционирано за извоз и затоа јас се залагам овој документ да се потпише. И една забелешка на организаторот односно на Собранието за што на овој ден донесовме два закони по итна постапка а ова за

членување на ГААТ за кое материјалот е даден на седницата, сметам дека понатаму, во интерес седниците да ни бидат поквалитетни да нема недоразбирања и луѓето да се чудат дали е ова подметнување или неподметнвување, сметам дека материјалите треба да одат во редовна постапка, а се со цел некои работи да се завршат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за тоа каква е постапката за секоја точка одлучуваме овде, се произнесуваме и Собранието гласа.

Има збор господинот Џаферовски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, би сакал да расчистиме една работа. Има потреба од донесување на оваа одлука и нема потреба да не фаќа никаков страв од причина што никогаш, барем за наредниве десетина години оваа земја економски нема да биде во состојба да издвојува субвенции преку буџетот за земјоделството, како што издвојуваат високо развиените земји. Според тоа, нема што да намалуваме ни од 36% ни од 24%. Исто така субвенциите за извоз на земјоделските производи во нашава земја не се така големи, ниту пак се приближно толкави како во високо развиените земји. И според тоа и тука нема што да намалуваме и нема што да се изгуби. Со зачленувањето во Светската трговска организација, Македонија само може да добие, ништо нема да изгуби. Земјоделците најмалку ќе изгубат, па затоа нема потреба од никаков страв за донесување на одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? /никој/

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Пред да минеме на гласањето ве потсетувам дека за донесувањето на оваа одлука потребно е мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Минуваме на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Деведесет и четири пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Двајца пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник е воздржан од гласање.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за поднесување барање за стапување на РМ во членство во Светската трговска организација.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

( Седницата заврши во 16.45 часот)

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Прво, да кажам дека не го прифаќам овој амандман, бидејќи претставува една физичка делба на Министерството за односи со странство на Министерство за надворешни работи и Министерство за односи со странство и надворешна трговија. Ние сме неколку пратеници од минатиот состав, покренавме прашање за ново Министерство тоа е Министерство за трговија што ќе ги третира надворешно трговските режими , опфатени во повеќе министерства. Што се однесува до овие режими, дел од нив врши Министерството за стопанство, дел Министерството за земјоделство, па често се случува ние стопанствениците да не знаеме каде да го поднесеме барањето. Кога би било едно посебно Министерство за трговија кое ќе биде и домашна трговија, така да кажам државна трговија, што ќе ја третира и надворешната трговија, тогаш би биле комплетни овие прашања од надворешно - трговски режим.

Сум за формирање едно ново министерство, што ќе биде во согласност со сите денешни потреби на нашето стопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, јас мислам дека може да се прифати тезата нека се разгледа во наредниот период оваа можност и потреба, меѓутоа ние цениме, како предлагачи, дека таа потреба е актуелна заради поголемо ангажирање на еден соодветен ресор на Републиката во процесите на економската интеграција на Републиката ширум светот и во сите региони каде што сме сега инаку актуелни. Ние инаку имаме

членување, или стапување на Република Македонија во членство на Светска трговска организација итн., и сега во Европските интеграциони текови се повеќе тоа ќе го бараат.

Јас имам голем почит спрема министерот за односи со странство, односно идното министерство за надворешни работи. Знам дека најсолидно и најсовесно ја врши таа работа, меѓутоа, сметам дека оваа област на економските односи ќе се наметне се сета своја целина натаму и мислам дека е во прилог на ова Министерство, заради вршење на сопствените работи во делокругот на политичкиот дел на афирмацијата и соодносите на политиката со странство да биде ослободен од овој, така да речам дел, што ќе бара многу експертизи, многу елаборати, многу претходни подготвувања за наш настап во странство во сите економски интеграции, економски корпорации, навлекување на капитал и учество со заеднички капитал.

Мислам дека ние сеуште ќе губиме време додека не го донесеме комплетниот иден закон за државна управа. Мислиме дека со ова сега би направиле подготовки солидни што би биле достапни за задачите што следат. Затоа мислиме дека не би било на одмет амандманот да се прифати денеска.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Црвенковски, министер за односи со странство.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Владата многу детално ги разгледуваше идеите околу можни реорганизации на министерствата. Во оваа фаза заклучи дека само таму каде што може со едноставен зафат да се

изврши механичка делба во едното од министерствата во кое што фактички се споени механички повеќе министерства да оди со промена, а кај другите да оди со нормална, а не по итна постапка, со Предлог на закон, заради тоа што другите промени подразбираат многу порадикални промени во низа министерства.

Што се однесува конкретно до прашањето за надворешна трговија, на мислење сме дека целиот комплекс на трговија би требало да се реши во овој закон, во целиот предлог во редовна постапка на законот, затоа што, како што рече и еден од пратениците, повеќе министерства го опфаќаат тоа сега во овој момент и би создало огромни практични проблеми и целта би требала да биде да се обедини во едно министерство што ќе може нормално да ги регулира тие работи. Тоа , со итна постапка, со брзи измени на законот не е можно, затоа што не може да се направи механичка делба да се изврши.

А, што се однесува до економските односи со странство, освен делот за надворешна трговија, наш став е дека во тој поглед како и во сите други поделби на министерства треба да прифатиме една пракса што е нормална во развиениот свет и во демократските земји на пазарна економија кон кои тежиме и ние да се приклучиме. Заради тоа е неопходно да имаме една компатибилност и во поделбата на надлежности и во поделба на ресори и во можноста ресор со ресор нормално да комуницира.

Економските односи со странство, освен овој дел кој заправо и не се економски односи со странство, делот на регулирањето на надворешна трговија на режими на увоз и извоз, а сметаме дека во секој случај треба да останат таму каде што се во праксата на сите развиени

земји на пазарна економија, а тоа е во Министерството за надворешни работи. Доколку се пренесат на друго место ќе дојде до невозможни пречки во комуникација и до едно крајно успорување на нашето интегрирање во економските токови, спротивно на ова што предлагачите на амандманот мислат дека сегашната состојба ги успорува и дека ова ќе ги забрза.

Битно е, ако сакаме да комуницираме со светот, да комуницираме на еден компатибилен начин. Заради тоа сметаме дека во конечниот текст на законот прашањето на трговијата, посебно прашањето на надворешната трговија треба да се издвојат во едно министерство за трговија, надворешна и внатрешна, подразбирајќи издвојување тие сегменти од повеќе сегашни министерства, а делот на економските односи со странство треба да остане таму каде што е, според тековите на развиениот свет и да одбегнеме понатаму една работа што и до сега не влечеше во заостанување од светот и во заостанување во економскиот развој во развиеноста, а тоа е да одбегнеме една, по секоја цена, балканска потреба од некоја балканска оригиналност, туку да ги прифатиме оние стандарди на оној свет кон кој сакаме да се приклучиме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, мислам дека нема потреба од страна на Владата и од страна на извесен број пратеници да се сервираат аргументи ова ќе значи само физичка поделба на министерството. Потребна е суштествена поделба, затоа што целиот

закон што ни е понуден во суштина е физичка поделба на министерствата. Физички се поделува едно министерство на две и физички се укинува едно министерство. Тоа е суштината на овој закон.

Сега аргументи дека не сакаме уште една нова физичка поделба на едно друго министерство се аргументи зад кои се кријат некои други потреби за формирање на Владата и да не се залажуваме многу сега.

Самиот факт дека ова Министерството во далечната 1987 или 1988 година, не можам да се сетам беа две министерства: Министерство за односи со странство на СРМ и Министерство за економски односи со странство на СРМ. Заради тогашните размислувања во Владата и Собранието тие се фузионираа физички во едно министерство. По таа логика денеска го имаме и бараме голема филозофија зошто тоа морало да биде заеднички. Нема тука филозофија. Тогаш имаше две министерства за урбанизам едно и аз сообраќај друго, заради рационализација се споија во едно, а после 4-5 години оваа држава оценува дека треба да се направи повторно раздвојување на тие две.

Во овој момент, веројатно има потреба. Јас се согласувам со амандманот што е поднесен заради потребата од раздвојување и на ова министерство во насока во која говореше и министерот за односи со странство, дека треба нешто да се доработи.

Единствено заради што нема да го поддржам амандманот и заради што мислам дека ни Собранието не треба да го поддржи амандманот е нашата и мојата верба дека идната влада во првата половина од 1995 година ќе понуди проект во кој тоа министерство ќе го растовари и ќе го направи Министерство за надворешни работи и Министерство за трговија. Единствено вербата моја дека тоа ќе се случи во првата

половина на 1995 година ќе ме оттргне од тоа јас да го гласам амандманот на господинот Рамадани и Биљаљи. Инаку, ако немам верба јас сега ќе го изгласам тој амандман затоа што мислам токму тоа дека физичката поделба е потребна затоа што неприродно физички е споен. Меѓутоа, ќе почекаме, ќе видиме првата половина на 1995 година, па јас се надевам дека ќе бидеме сведоци дека тоа министерство ќе се конституира така како што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Црвенковски, министер за односи со странство.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Мене ми е жал само што пратеникот Поповски сосема спротивно го разбрал и сосема спротивно го протолкувал она што јас овде го реков од оваа говорница.

Не реков јас дека сме ние против физичка делба, туку реков дека е невозможно да се изврши физичка делба затоа што не се така поделени ресорите за да може да се изврши физичка делба во овој момент. Во повеќе министерства се тие надлежности, а и во ова министерство во двата постојни сектори има делови што треба да одат во делбата и делови кои не смеат да одат во ова. Заради тоа е невозможно по итна постапка да се спроведе, а не заради тоа дека сме ние против физичка делба. Јас тоа воопшто не го реков туку реков спротивно. Меѓутоа, примерот што беше изнесен дека порано биле две министерства што се само физички споени не држи воопшто, затоа што нити тогашното Министерство за односи со странство било министерство со функцијата што сега ја има,на Министерство за надворешни работи на една држава,туку бил орган што се бавел со некои анализи на надворешната

IX/7.-

политика во една федерација во која едно сосема друго министерство ги обавувало тие функции. Нити делот тогашното Министерство за економски односи со странство, така наречено, ја имало таа функција што треба да ја има сега.

Тогашното спојување произведе едно Министерство што повторно не беше Министерство за надворешни работи до моментот на осамостојувањето на Републиката, од кога почна да се гради и почна да презема функција, Така што претходниот историјата на двете министерства немаат никаква логична врска со функциите што тие сега треба да ги обавуваат

Трето, јас исто изразувам надеж дела новата влада брзо ќе ги изврши овие битни промени во Законот за органите на управата и во поделбата на ресорите, онака како што треба да бидат. Меѓутоа, исто така изразувам верба дека таква поделба каква што предлага овој амандман, а тоа е издвојување на економските односи со странство а не во делот за надворешна трговија, нема да изврши затоа што, доколку ја изврши ќе предизвикаме големи пречки во нормалната комуникација со меѓународната јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господин Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, принципиелно сакам да кажам нешто мислам дека ако вака одиме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

По амандманот само ве молам.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

По амандманот, исклучиво по амандманот.

Ако предлагаме повеќе министерства, ние можеме по одредени гранки да направиме едно 40 министерства на два милиони народ. И, во една мала држава дали можеме да одржиме толку министерства во една вака сиромашна земја.

Лично сметам да одиме на поголема рационализација во принцип кога ќе го правиме законот. Мислам дека тогаш треба да одиме на стеснување а квалитетно да ја подобриме организацијата на самото министерство. Верувајте дека организацијата на едно министерство биде комплетно до крај издржана тогаш не ни требаат многу министри туку ни треба одредена служба што ќе се занимава квалитетно со одредена проблематика, а да ја стесниме надлежноста во однос на трговијата во она министерство во кое прилега.

Во таа смисла не го прифаќам амандманот за уште некое министерство, туку да го оставиме ова сега што го понуди Владата а многу потрезвено и многу поквалитетно да работиме откако ќе се предложи самиот закон за севкупната организација на управата.

Во тој контекст уште еднаш кажувам дека не го прифаќам амандманот бидејќи не сме до крај подготвени да раздвојуваме многу министерства. Дури, по некоја логика ајде да го поделмиме и Министерството за труд и социјална политика заради тоа што трудот и вработувањето во светот е посебно од социјалната политика односно од другите сегменти на социјалната политика. Би било парадокс.

Во таа смисла треба малку да рационализираме заради тоа што и претходното Собрание донесе една извонредна одлука за рационализација. Таа рационализација е во контекст на одлуката на меѓународните фондови. Така што да не се залажуваме дека многу министри ќе значат квалитетна работа. Можеби напротив, ќе имаме

Неквалитетна работа. Од тие причини кажувам дека јас не го прифаќам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратениците Хисен Рамадани и Мерсим Биљали.

Отворам претрес по амандманот на член 27, поднесен од пратениците Хисен Рамадани и Мерсим Биљали.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СТЕВО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Сите три амандмани произлегуваат, вториот од првиот и третиот од вториот така со одбивањето на првиот вториот и третиот немаат никаква логика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака?

Прекинуваме со гласањето бидејќи сум известен дека пратениците го повлекуваат амандманот.

IX/10.-

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 27-а 1 поднесен од пратениците Хисен Рамадани и Мерсим Биљали. И овој амандман пратениците го повлекуваат. Отворам претрес по амандманот на член 28 став 1 поднесен од пратениците Илија Гоцевски, Ристо Масев, Ристо Трајков, Јорго Шундовски, Александар Гештаковски и Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Владата го прифати амандманот.

Овој амандман станува составен дел на текстот на законот. Отворам претрес по амандманот на член 28 став 2 поднесен од пратениците Илија Гоцевски, Ристо Масев, Ристо Трајков, Јорго Шундовски, Александар Гештаковски и Аце Коцевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Владата го прифаќа и овој амандман.

И овој амандман станува составен дел на текстот на Владата.

Отворам претрес по амандманот на член 113 за додавање нова точка 11-а поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа од истите причини кои беа кажани, дека со поднесување на новиот проект сите овие функции и надлежности што треба подетално да бидат регулирани посебно во делот на спортот и младината да бидат јасно издвоени и на подобар начин да функционира државната управа во овие сегменти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

IX/11.-

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 113 за додавање нова точка 11-а поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 113 за додавање нова точка 11-б поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Исто и овој амандман не се прифаќа со образложенијата што ги дадов претходно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници). Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот на член 113 за додавање нова точка 11-б поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.